Location:ЈП Службен весник на РСМ
Contact:contact@slvesnik.com.mk
Date:14.02.2025 14:42:31
Reason:Документ со електронски печат
CN=JP Sluzben vesnik na RSM, O=JP Sluzben vesnik na Republika Severna Makedonija, OID.2.5.4.97=NTRMK-4054857, OU=VAT - 4030987108771, C=MK

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 33** **14 февруари 2025, петок** **година LXXXI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 775. | **Одлука** за објавување јавен оглас за именување на претседател и членови на Државната комисија за жалби по јавни набавки……………………. | 3 |
| 776. | **Одлука** за разрешување на директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование………………… | 4 |
| 777. | **Одлука** за разрешување од должноста директор и заменик на директорот на Агенцијата за администрација……….. | 4 |
| 778. | **Уредба** за престанување на важењето на Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор…………………………………… | 5 |
| 779. | **Одлука** за изменување на Одлуката за формирање на совет за координација на активностите поврзани со членството на Република Северна Македонија во Северноатлантската договорна организација (НАТО) и Работен комитет за координација на активностите поврзани со членството во Северноатлантската договорна организација (НАТО)…………… | 5 |
| 780. | **Одлука** за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2024 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје………………… | 5 |
| 781. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста“, Општина Сарај……….. | 6 |
| 782. | **Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба………………………... | 6 |
| 783. | **Одлука** за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Режика“ с. Сараќино, Општина Тетово…………………… | 6 |
| 784. | **Одлука** за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцит на локалитетот „Брија“ с. Моjанци, Општина Арачиново……… | 7 |
| 785. | **Одлука** за отповикување на управител на Трговско друштво НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје……………….. | 7 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 786. | **Одлука** за избор на управител на Трговско друштво НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје…………………… | **7** |
| 787. | **Одлука** за продажба на движни ствари - меркантилна пченица…….. | **7** |
| 788. | **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ХЕРБ ИНДУСТРИ ДОО, Струмица…………………….. | **8** |
| 789. | **Одлука** за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за образование и наука…….. | **8** |
| 790. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје…………………… | **8** |
| 791. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност - Кочани…………….. | **9** |
| 792. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле – Скопје………………………….. | **9** |
| 793. | **Одлука** за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Оџов Чукар“ с. Звегор, Општина Делчево………………….. | **10** |
| 794. | **Одлука** за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Курија“, Општина Неготино... | **10** |
| 795. | **Одлука** за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука…… | **10** |
| 796. | **Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба……………………... | **11** |
| 797. | **Одлука** за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба…………………… | **11** |
| 798. | **Одлука** за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.. | **11** |
| 799. | **Одлука** за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта……… | **12** |
| 800. | **Одлука** за изменување на Одлуката за формирање на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија………….. | **14** |
| 801. | **Програма** за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2025 година…. | **14** |
| 802. | **Програма** за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи за 2025 година………….. | **15** |
| 803. | **Годишна програма** за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2025 година……………………. | **16** |
| 804. | **Решение** за изменување на Решението за именување членови на групата за процена…………………… | **16** |
| 805. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Мантово“…………………. | **17** |
| 806. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Ратево – Беровско Езеро“… | **21** |
| 807. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Преспанско Езеро“………….. | **26** |
| 808. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Градче“…………………… | **32** |
| 809. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Konче“…………………….. | **36** |
| 810. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Младост“…………………. | **39** |
| 811. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Дојранско Езеро“………… | **44** |
| 812. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Турија“……………………. | **50** |
| 813. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Водоча“…………………… | **54** |
| 814. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Национален парк Маврово“... | **58** |
| 815. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Козјак“……………………. | **65** |
| 816. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Струмица“………………... | **69** |
| 817. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Глажња“…………………... | **74** |
| 818. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Стрежево“………………… | **79** |
| 819. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Липково“…………………. | **84** |
| 820. | **Риболовна основа** за управување и користење на рибите и другите водни организми во риболовното подрачје „Калиманци“………………… | **89** |
| 821. | **Решение** од Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија………………………….. | **93** |
| 822. | **Решение** за давање на дозвола за работење на инвестиционен советник.. | **93** |
| 823. | **Решение** од Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија………………………….. | **93** |
| 824. | **Правилник** за формата содржината и начинот на водење на регистри….. | **94** |
| | **Огласен дел**...................................... | **1-88** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**775.**

Врз основа на членот 132 од Законот за јавните набавки (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 87/21 и 14/25) и членот 17 од Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 14/25), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 февруари 2025 година донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ

Собранието на Република Северна Македонија објавува јавен оглас за именување на претседател и шест члена на Државната комисија за жалби по јавни набавки (во натамошниот текст: Државната комисија).

I. За претседател на Државната комисија се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1 степен образование од областа на правото;

4) има положено правосуден испит;

5) во последните пет години не бил член на органите на управување на политичка партија;

6) има работно искуство од најмалку седум години од кои пет години во областа на јавните набавки и

7) активно познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски).

II. За член на Државната комисија се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС, односно завршен VII/1 степен образование од соодветната област;

4) има работно искуство од најмалку седум години од кои најмалку пет години од областа на јавните набавки и

5) активно познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски).

III. Претседателот и најмалку четворица од членовите на Државната комисија се од областа на правото.

IV. Претседателот и членовите на Државната комисија не можат на бидат членови во органи и тела кои ги избира или именува Собранието на Република Северна Македонија или Владата.

V. Заинтересираните кандидати пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и потребните документи за докажување на исполнувањето на условите од точката I. и/или точката II. на оваа одлука, во оригинал или заверена копија на нотар, ги поднесуваат до Собранието на Република Северна Македонија.

За исполнување на условот од потточка 5) од точката I. и од точката IV. од оваа одлука, кандидатите со пријавата треба да поднесат и лична изјава заверена на нотар.

VI. Рокот за пријавување по овој оглас е 10 дена од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

VII. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави и во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-867/1
12 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Собранието на Република Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

---

Në bazë të nenit 132 të Ligjit të Prokurimeve Publike (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 24/19 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 87/21 dhe14/2025) dhe nenit 17 të Ligjit për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit të Prokurimeve Publike (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” numër 14/25), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 12 shkurt 2025, miratoi

## V E N D I M
## PËR PUBLIKIMIN E KONKURSIT PUBLIK PËR EMËRIMIN E KRYETARIT DHE ANËTARËVE TË KOMISIONIT SHTETËROR PËR ANKESA PËR PROKURIME PUBLIKE

Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut shpall konkurs publik për emërimin e kryetarit dhe gjashtë anëtarëve të Komisionit Shetëror për Ankesa për Prokurime Publike (në tekstin e mëtejmë: Komisioni Shtetëror).

I. Kryetar i Komisionit Shtetëror emërohet personi i cili i plotëson këto kushte:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë së Veriut;

2) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënimi ose sanksioni i kundërvajtjes ndalimi për ushtrimin e profesionit, veprimtarisë ose detyrës;

3) ka fituar së paku 240 kredite sipas SETK përkatësisht shkallën e arsimit VII/1 të përfunduar nga sfera e drejtësisë;

4) ka të dhënë provimin e jurisprudencës;

5) në pesë vitet e fundit nuk ka qenë anëtar i organit të partisë politike;

6) të ketë së paku shtatë vjet përvojë pune, pesë prej të cilave janë në fushën e prokurimit publik dhe

7) njeh në mënyrë aktive një prej tre gjuhëve shumë shpesh të përdorura të Bashkimit Europian (anglisht, frëngjisht ose gjermanisht).”.

II. Anëtar i Komisionit Shtetëror emërohet personi i cili i plotëson këto kushte:

1) është shtetas i Republikës së Maqedonisë;

2) në momentin e emërimit me aktgjykim të plotfuqishëm gjyqësor nuk i është shqiptuar dënimi ose sanksioni i kundërvajtjes ndalimi për ushtrimin e profesionit, veprimtarisë ose detyrës;

3) ka fituar së paku 240 kredite sipas SETK përkatësisht shkallën e arsimit VII/1 të përfunduar nga sfera e drejtësisë;

4) të ketë së paku shtatë vjet përvojë pune, pesë prej të cilave janë në fushën e prokurimit publik dhe

5) njeh në mënyrë aktive një prej tre gjuhëve shumë shpesh të përdorura të Bashkimit Europian (anglisht, frëngjisht ose gjermanisht).”.

III. Kryetari dhe së paku katër nga anëtarët e Komisionit Shtetëror duhet të jenë nga fusha e së drejtës.

IV. Kryetari dhe anëtarët e Komisionit Shtetëror nuk mund të jenë anëtarë të organeve dhe trupave që i zgjedh ose emëron Kuvendi i Republikës së Maqedonisë ose Qeveria.

V. Kandidatët e interesuar fletëparaqitjen për pjesëmarrje në këtë konkurs, biografinë personale dhe dokumentet e nevojshme për dëshminë e përmbushjes e kushteve nga pika I. dhe/ose pika II. e këtij vendimi, në origjinal ose kopje të verifikuar në noter, i parashtrojnë në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Për plotësimin e kushtit nga nënpika 5) e pikës I. dhe të pikës IV. të këtij vendimi, kandidatët me fletëparaqitjen duhet të parashtrojnë edhe deklaratë personale të verifikuar në noter.

VI. Afati për paraqitje në këtë konkurs është dhjetë ditë nga dita e botimit të këtij vendimi në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

VII. Ky vendim hyn në fuqi me ditën e botimit në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut, ndërsa do të botohet edhe në gazetat ditore "Nova Makedonija", "Slloboden Peçat" dhe "Koha".

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Nr. 08-867/1
12 shkurt 2025
Shkup

Kryetari i Kuvendit të Republikës
së Maqedonisë së Veriut,
**Afrim Gashi,** d.v.

---

**776.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членот 56 став (6) точка 2, член 57 став (1) точка 7 од Законот за високото образование (*) („Службен весник на Република Македонија" број 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 154/19, 178/21 и 58/24) и член 2 точка 7 став 2 алинеја 2 од Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Северна Македонија „Службен весник на Република Северна Македонија" број 126/24), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 февруари 2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

I. Собранието на Република Северна Македонија од функцијата директор на Агенцијата за квалитет во високото образование го разрешува

- Расим Зуфери од Гостивар.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-871/1
12 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

Në bazë të nenit 68, paragrafit 2 të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe nenit 56, paragrafi (6), pika 2, nenit 57, paragrafi (1), pika 7 të Ligjit të Arsimit të Lartë (*) ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 82/18 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 154/19, 178/21 dhe 58/24) dhe nenit 2, pika 7, paragrafi 2, nënparagrafi 2 të Vendimit për themelimin e trupave të përhershëm punues të Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 126/24), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 12 shkurt 2025, miratoi

**V E N D I M**
**PËR SHKARKIMIN E DREJTORIT TË AGJENCISË PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**

I. Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut nga funksioni drejtor i Agjencisë për Cilësi në Arsimin e Lartë e shkarkon

- Rasim Zuferi nga Gostivari.

II. Ky vendim hyn në fuqi me ditën e miratimit, ndërsa do të botohet në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Nr. 08-871/1
12 shkurt 2025
Shkup

Kryetari i Kuvendit të Republikës
së Maqedonisë së Veriut,
**Afrim Gashi,** d.v.

---

**777.**

Врз основа на членот 15 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 февруари 2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР И ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА**

I. Од должноста директор на Агенцијата за Администрација се разрешува

1. Спасе Глигоров.

II. Од должноста заменик на директорот на Агенцијата за Администрација се разрешува

1. Агрон Сефери.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-889/1
12 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

Bazuar në nenin 15 të Ligjit të Nëpunësve Administrativë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17, dhe 11/18 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 dhe 210/24), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 12 shkurt 2025, miratoi

**V E N D I M**
**PËR SHKARKIMIN NGA DETYRA E DREJTORIT DHE ZËVENDËDREJTORIT TË AGJENCISË SË ADMINISTRATËS**

I. Nga detyra drejtor i Agjencisë së Administratë shkarkohet

1. Spase Gligorov.

II. Nga detyra zëvendësdrejtor i Agjencisë së Administratës shkarkohet

1. Agron Seferi.

III. Ky vendim hyn në fuqi ditën e miratimit dhe do të botohet në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Nr. 08-889/1 Kryetari i Kuvendit të Republikës
12 shkurt 2025 së Maqedonisë së Veriut,
Shkup **Afrim Gashi,** d.v.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**778.**

Врз основа на член 36 став (2) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА УРЕДБАТА ЗА УСЛОВИТЕ ПОД КОИ ВОЗДУХОПЛОВ БЕЗ ЕКИПАЖ МОЖЕ ДА ЛЕТА ВО МАКЕДОНСКИОТ ВОЗДУШЕН ПРОСТОР**

Член 1

Со оваа уредба престанува да важи Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 187/17 и 152/18).

Член 2

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1520/4 Претседател на Владата
11 февруари 2025 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**779.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ЧЛЕНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СЕВЕРНОАТЛАНТСКАТА ДОГОВОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА (НАТО) И РАБОТЕН КОМИТЕТ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ПОВРЗАНИ СО ЧЛЕНСТВОТО ВО СЕВЕРНОАТЛАНТСКАТА ДОГОВОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА (НАТО)**

Член 1

Во Одлуката за формирање на Совет за координација на активностите поврзани со членството на Република Северна Македонија во Северноатлантската договорна организација (НАТО) и Работен комитет за координација на активностите поврзани со членството во Северноатлантската договорна организација (НАТО) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.9/24), во член 2 став (1) во алинејата 2 зборовите „министерот за надворешни работи“ се заменуваат со зборовите „министерот за надворешни работи и надворешна трговија“.

Член 2

Во член 6 став (1) во алинејата 1 зборовите „Министерството за надворешни работи“ се заменуваат со зборовите „Министерството за надворешни работи и надворешна трговија“.

Во алинејата 5 зборовите „министерот за надворешни работи“ се заменуваат со зборовите „министерот за надворешни работи и надворешна трговија“.

Во алинејата 8 зборовите „политички систем и“ се бришат.

Член 3

Во членот 11 зборовите „Министерството за надворешни работи“ се заменуваат со зборовите „Министерството за надворешни работи и надворешна трговија“.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-125/6 Претседател на Владата
11 февруари 2025 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**780.**

Врз основа на член 383 став (1) точка 8) и член 479 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР ЗА РЕВИЗИЈА НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2024 ГОДИНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ-СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2024 година на Акционерското друштво за поштенски сообраќај Пошта на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, се избира Друштвото за ревизија МУР СТИВЕНС ДОО Скопје, врз основа на спроведена поедноставена отворена постапка по јавна набавка со Оглас бр.18006/2024 за вршење на финансиска ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2024 година, согласно Одлуката за избор на најповолна понуда бр.2003-60/7 од 28.11.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-427/6 | Претседател на Владата |
| 11 февруари 2025 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**781.**

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија” бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „КРАСТА“, ОПШТИНА САРАЈ**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на локалитетот „Краста”, општина Сарај бр.24-5993/2 од 12.11.2018 година, еднострано се раскинува од страна на концедентот, бидејќи концесионерот не започнал со експлоатација на минералната суровина во рок од две години од денот на издавањето на Дозволата за експлоатација бр. 24-3456/3 од 10.11.2021 година.
2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – варовник на Друштвото за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги БА ЦОНСТРУЦТИОН ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на локалитетот „Краста“, Општина Сарај („Службен весник на Република Македонија” бр.78/18).
3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-1029/4 | Претседател на Владата |
| 11 февруари 2025 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**782.**

Врз основа на член 38 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Никола Ичев ул.„Душан Ќириќ“ бр.24, Кавадарци, на земјоделско земјиште под долгогодишен насад со вкупна површина од 1ха 03ар 03м2 кое се наоѓа на КП бр.2808-дел, место викано Тенекеджица, катастарска култура нива, катастарска класа 6, со површина од 41ар 45м2, КП бр.2808-дел, место викано Тенекеджица, катастарска култура нива, катастарска класа 6, со површина од 31ар 47м2, КП бр.2819-дел, место викано Тенекеджица, катастарска култура нива, катастарска класа 6, со површина од 15ар 86м2, КП бр.2820-дел, место викано Тенекеджица, катастарска култура нива, катастарска класа 6, со површина од 09ар 05м2, КП бр.2821-дел, место викано Тенекеджица, катастарска култура нива, катастарска класа 6, со површина од 05ар 20м2, запишани во Имотен лист бр.2803 за КО Росоман, во сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува со времетраење до 20.3.2042 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-1312/4 | Претседател на Владата |
| 11 февруари 2025 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**783.**

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА КОНЦЕСИЈАТА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „РЕЖИКА“ С. САРАЌИНО, ОПШТИНА ТЕТОВО**

1. Со оваа одлука концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Режика“ с.Сараќино, Општина Тетово, доделена со Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Режика“ с.Сараќино, Општина Тетово бр.24-1441/3 од 10.9.2014 година на Друштвото за производство, трговија, транспорт и услуги „Мељи-транс Евзал и Џелал“ ДОО експорт-импорт с.Стримница, Општина Желино, престанува да важи заради истек на рокот за периодот на кој е доделена концесијата.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1419/3
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**784.**

Врз основа на член 51 став (2) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ЕДНОСТРАН РАСКИН НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – КВАРЦИТ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „БРИЈА“ С.МОЈАНЦИ, ОПШТИНА АРАЧИНОВО**

1. Со оваа одлука Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварцит на локалитетот „Брија“ с.Мојанци, Општина Арачиново бр.24-2674/1 од 9.4.2015 година, еднострано се раскинува од страна на концедентот, заради прекин со изведување на рударските работи подолго од една година.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – кварцит на Друштвото за производство, градежништво, трговија и услуги ИНТЕРУНИОН - ГРУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје на локалитетот „Брија“ с.Мојанци, Општина Арачиново („Службен весник на Република Македонија” бр.52/15).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1429/4
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**785.**

Врз основа на член 215 став 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 06/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/2020, 215/2021, 99/2022 и 272/2024), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА УПРАВИТЕЛ НА ТРГОВСКО ДРУШТВО НАФТОВОД ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. Од должноста управител на Трговско друштво НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје, поради истек на мандатот се отповикува Есад Рахиќ.

2. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 18-1451/1
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**786.**

Врз основа на член 215 став 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 06/2016, 30/2016, 61/2016, 64/2018, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/2020, 215/2021, 99/2022 и 272/2024), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА УПРАВИТЕЛ НА ТРГОВСКО ДРУШТВО НАФТОВОД ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. За управител на Трговско друштво НАФТОВОД ДООЕЛ Скопје, се избира Радован Милосовски.

2. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 18-1452/1
4 февруари 2025 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

---

**787.**

Врз основа на член 14 став (1) од Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 77/09, 24/11, 43/14, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/21 и 74/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ - МЕРКАНТИЛНА ПЧЕНИЦА**

Член 1

Да се изврши продажба на 3.000 тони меркантилна пченица од стоковните резерви, заради обновување.

Член 2

Продажбата на движните ствари од член 1 од оваа одлука ќе се изврши по пат на електронско јавно наддавање, преку електронскиот систем за јавно наддавање со кој управува и оперира Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи, со проценета вредност утврдена согласно Процената од Бирото за судски вештачења бр. СВ V – 28/24-3 од 31.10.2024 година, во која е проценета вредноста на меркантилната пченица на износ од 43.102.500,00 денари, односно 14,37 ден./кг.

Почетната цена за електронското јавно наддавање претставува проценетата вредност и истата изнесува 14,37 ден./кг.

Јавното наддавање ќе се изврши електронски на следната интернет страница: www.e-aukcii.finance.gov.mk.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1522/3
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**788.**

Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Ре-публика Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ НА КАНАБИС ЗА МЕДИЦИНСКИ ЦЕЛИ НА ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ХЕРБ ИНДУСТРИ ДОО, СТРУМИЦА**

1. Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги ХЕРБ ИНДУСТРИ ДОО, Струмица („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.94/19).

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Републи-ка Северна Македонија“.

Бр. 50-1554/4
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**789.**

Врз основа на член 18 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за образование и наука, му престанува користењето на недвижна ствар - објект, кој се наоѓа на ул. „15-ти корпус“, Охрид, на КП 8691/1, КО Охрид 2, запишан во Имотен лист бр. 156971, сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- зграда бр. 2, намена на зграда Д3-1, влез 001, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДПД, со внатрешна површина од 168 м2 и
- зграда бр. 2, намена на зграда Д3-1, влез 001, кат ПР, број 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда Т, со внатрешна површина од 452 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1556/5
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**790.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ГРАД СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашиот корисник Министерството за образование и наука му престанува користењето на движните ствари и тоа:

1. Вид: Патничко моторно возило;
   Марка: Пежо,
   Тип: Партнер,
   Број на шасија: VF35FWJYF60493830,
   Регистерска ознака: SK-700-OP,
   Година на производство: 2003 година,
   Работна зафатнина на мотор (cm3): 1868 cm3.
2. Вид: Патничко моторно возило;
   Марка: Исузу
   Тип: Топер
   Број на шасија: JACUBS69G17100027
   Регистерска ознака: SK-502-SI
   Година на производство: 2001 година,
   Работна зафатнина на мотор (cm3): 3059 cm3.

3. Вид: Патничко моторно возило
Марка: Јагуар,
Тип: S-TYPE 2,7 D,
Број на шасија: SAJAA02W757N49990,
Регистерска ознака: SK-1585-AJ,
Година на производство: 2005 година,
Работна зафатнина на мотор (cm3): 2720 cm3.
4. Вид: Патничко моторно возило
Марка: БМВ,
Тип: 320 i,
Број на шасија: WBAVA71080PR93505,
Регистерска ознака: SK-7188-AT,
Година на производство: 2003 година,
Работна зафатнина на мотор (cm3): 2200 cm3.
5. Вид: Патничко моторно возило
Марка: Алфа,
Тип: Ромео,
Број на шасија: ZAR93200001056488,
Регистерска ознака: SK-9683-AB,
Година на производство: 1998 година,
Работна зафатнина на мотор (cm3): 1747 cm3.
6. Вид: Патничко моторно возило
Марка: БМВ,
Тип: 525,
Број на шасија: WBADF71030BS45450,
Регистерска ознака: SK-7377-AB,
Година на производство: 1998 година,
Работна зафатнина на мотор (cm3): 2497 cm3.
7. Вид:Патничко моторно возило
Марка: БМВ,
Тип: X5,
Број на шасија: SK173622/12,
Регистерска ознака: SK-1076-BM,
Година на производство: 2007 година,
Работна зафатнина на мотор (cm3): 2993 cm3.

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на Град Скопје, а за потребите на Автосообраќаен училишен центар „Боро Петрушевски“ на Град Скопје.

Член 3

Министерот за образование и наука склучува договор со градоначалникот на Град Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1558/4
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**791.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ОПШТА БОЛНИЦА СО ПРОШИРЕНА ДЕЈНОСТ - КОЧАНИ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија му престанува користењето на движната ствар и тоа:

| Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|
| Компјутерска томографија | Сома-том 16 | Сименс | парче | 1 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност – Кочани.

Член 3

Директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Општа болница со проширена дејност – Кочани, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1559/4
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**792.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА РЕСПИРАТОРНИ ЗАБОЛУВАЊА КАЈ ДЕЦАТА КОЗЛЕ - СКОПЈЕ**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за здравство, му престанува користењето на движната ствар и тоа:

| Назив на движната ствар | Модел | Производител | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|---|
| ЕКГ – 12 канално | Cardiofax S ECG - 2250 | Нихон Кохден | парче | 1 |

Член 2

Движната ствар од член 1 од оваа одлука, се дава на трајно користење без надомест на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје.

Член 3

Министерот за здравство склучува договор со директорот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за респираторни заболувања кај децата Козле - Скопје, со кој се уредуваат правата и обврските за движната ствар од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-1561/4
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**793.**

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА КОНЦЕСИЈАТА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ОЏОВ ЧУКАР" С.ЗВЕГОР, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

1. Со оваа одлука концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Оџов Чукар" с.Звегор, Општина Делчево, доделена со Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Оџов Чукар" с.Звегор, Општина Делчево бр.24-1446/11 од 5.9.2014 година на Друштвото за производство и градежништво СД-ТРАНС ДООЕЛ Славе извоз-увоз с.Звегор, Општина Делчево, престанува да важи заради истек на рокот за периодот на кој е доделена концесијата.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-1572/3
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**794.**

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА КОНЦЕСИЈАТА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – ПЕСОК И ЧАКАЛ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „КУРИЈА", ОПШТИНА НЕГОТИНО**

1. Со оваа одлука концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Курија", Општина Неготино, доделена со Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Курија", Општина Неготино, бр.24-5664/1 од 13.11.2014 година на Друштвото за градежништво и трговија „ГРАДБА ПРОМЕТ" ДОО Кавадарци, престанува да важи заради истек на рокот за периодот на кој е доделена концесијата.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 50-1574/3
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**795.**

Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за финансии му престанува користењето на следните движни ствари:

| Реден број | Назив на движна ствар | Тип (модел) | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1 | Лаптоп | Fujitsu LIFEBOOK U7511 | 80 |
| 2 | Систем за безбедносни информации и управување со настани | IBM QRadar solution | 1 |
| 3 | Систем за ладење | Vivax Kazetni klima uređaj ACP-24CC70AERI | 2 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Министерството за образование и наука.

Член 3

Министерот за финансии склучува договор со министерот за образование и наука, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1576/3 Претседател на Владата
11 февруари 2025 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**796.**

Врз основа на член 38 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделското земјиште со непосредна спогодба со Трговец-поединец ТП ЕВРОКСАНА ВАСИЛ Томе Шапкаров Богданци ул. „Маршал Тито“ бр.28-1/5 Богданци, за земјоделско земјиште под долгогодишен овошен насад со вкупна површина од 100013м2 кое се наоѓа на КП бр.154/11, место викано Седлото, катастарска култура нива, катастарска класа 4, со површина од 1818м2 и КП бр.154/11, место викано Седлото, катастарска култура овоштарник, катастарска класа 3, со површина од 98195м2, запишано во Имотен лист бр.779 за КО Чичево, во сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува со времетраење до 6.7.2040 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот од објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1577/3 Претседател на Владата
11 февруари 2025 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**797.**

Врз основа на член 38 ставови 3 и 4 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЗАКУП НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО НЕПОСРЕДНА СПОГОДБА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за земјоделство, производство, трговија и услуги Бистрен ДООЕЛ, со седиште во населено место без уличен систем Љуботен, Штип, за земјоделско земјиште под долгогодишен насад со вкупна површина од 7ха 00ар 20м² кое се наоѓа на КП бр.109, место викано Попов Кладенец, катастарска култура нива, катастарска класа 6, со површина од 61ар 34м², КП бр.110, место викано Попов Кладенец, катастарска култура нива, катастарска класа 6, со површина од 1ха 06ар 09м², КП бр.111, место викано Попов Кладенец, катастарска култура нива, катастарска класа 6, со површина од 76ар 37м², КП бр.112, место викано Попов Кладенец, катастарска култура овоштаник, катастарска класа 4, со површина од 30ар 19м², КП бр.126, место викано Попов Кладенец, катастарска култура нива, катастарска класа 6, со површина од 99ар 39м², КП бр.127, место викано Попов Кладенец, катастарска култура нива, катастарска класа 6, со површина од 67ар 23м², КП бр.128, место викано Попов Кладенец, катастарска култура нива, катастарска класа 6, со површина од 59ар 87м², КП бр.129, место викано Попов Кладенец, катастарска култура нива, катастарска класа 6, со површина од 44ар 46м², КП бр.130, место викано Попов Кладенец, катастарска култура овоштарник, катастарска класа 5, со површина од 69ар 78м², КП бр.131, место викано Попов Кладенец, катастарска култура овоштарник, катастарска класа 5, со површина од 37ар 70м² и КП бр.132, место викано Попов Кладенец, катастарска култура овоштарник, катастарска класа 5, со површина од 47ар 78м² запишани во Имотен лист бр.107 за КО Љуботен, во сопственост на Република Северна Македонија.

Член 2

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука ќе го потпише министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Договорот за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба од член 1 од оваа одлука се склучува со времетраење до 18.11.2041 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1578/3 Претседател на Владата
11 февруари 2025 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**798.**

Врз основа на член 42 став. (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ДЕЈНОСТ ИЛИ ПОСЕДУВА ДОЗВОЛА ЗА СОБИРАЊЕ И/ИЛИ ТРАНСПОРТИРАЊЕ, ПРЕРАБОТКА, РЕЦИКЛИРАЊЕ И УНИШТУВАЊЕ НА ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија- Скопје, да спроведе постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, на движни ствари кои се дотраени, неупотребливи и технолошко застарени и неможат да се продадат или разменат како такви, согласно Одлуката за усвојување на Записникот од Комисија за увид и попис на движните ствари во ЈЗУ УК за урологија бр. 02-940/12 од 13.11.2024 година, донесена од Управниот одбор на ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија на 13.11.2024 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1582/5 Претседател на Владата
11 февруари 2025 година на Република Северна Македонија,
Скопје проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**799.**

Врз основа на член 33 став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.122/21, 111/23 и 208/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ ВО ВЛАДЕНИЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

Член 1

Со оваа одлука на Јавното претпријатие за државни патишта – како предлагач на експропријацијата да му се предаде во владение недвижност која претставува:

1. Земјоделско земјиште дел од КП бр.3333/1 КО Долно Српци, со површина од 9936 м2 и дел од КП бр.3334/1 КО Долно Српци, со површина од 175 м2, запишани во Имотен лист бр.142, согласно Решение за експропријација УП бр.30-477/24 од 1.11.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

2. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2874/1 КО Црнобуки, со површина од 2785 м2, запишана во Имотен лист бр.382, согласно Решение за експропријација УП бр.30-295/24 од 19.9.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

3. Земјоделско земјиште дел од КП бр.395/1 КО Беранци, со површина од 648 м2, запишана во Имотен лист бр.364, согласно Решение за експропријација УП бр.30-380/24 од 4.11.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

4. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2195/1 КО Долно Српци, со површина од 1834 м2, запишана во Имотен лист бр.100, согласно Решение за експропријација УП бр.30-378/24 од 20.12.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

5. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2415/1 КО Беранци, со површина од 503 м2, дел од КП бр.2415/2 КО Беранци, со површина од 559 м2, дел од КП бр.2415/2 КО Беранци, со површина од 503 м2 и дел од КП бр.2426/3 КО Беранци, со површина од 361 м2, запишани во Имотен лист бр.47, согласно Решение за експропријација УП бр.30-283/24 од 2.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

6. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2417/1 КО Беранци, со површина од 1708 м2, дел од КП бр.2417/2 КО Беранци, со површина од 600 м2, дел од КП бр.2417/2 КО Беранци, со површина од 61 м2, дел од КП бр.2971/1 КО Беранци, со површина од 772 м2 и дел од КП бр.2971/2 КО Беранци, со површина од 634 м2, запишани во Имотен лист бр.49, согласно Решение за експропријација УП бр.30-284/24 од 2.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

7. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2426/1 КО Беранци, со површина од 1804 м2, дел од КП бр.2969/1 КО Беранци, со површина од 911 м2 и дел од КП бр.2969/2 КО Беранци, со површина од 497 м2, запишани во Имотен лист бр.46, согласно Решение за експропријација УП бр.30-282/24 од 2.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

8. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2214 КО Долно Српци, со површина од 4444 м2 и дел од КП бр.3148 КО Долно Српци, со површина од 1993 м2, запишани во Имотен лист бр.133, согласно Решение за експропријација УП бр.30-481/24 од 18.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

9. Земјоделско земјиште дел од КП бр.3175 КО Долно Српци, со површина од 1443 м2, дел од КП бр.3176 КО Долно Српци, со површина од 335 м2 и дел од КП бр.3177 КО Долно Српци, со површина од 846 м2, запишани во Имотен лист бр.269, согласно Решение за експропријација УП бр.30-463/24 од 18.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

10. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2046 КО Долно Српци, со површина од 1389 м2 и дел од КП бр.2200/1 КО Долно Српци, со површина од 1805 м2, запишани во Имотен лист бр.190, согласно Решение за експропријација УП бр.30-428/24 од 18.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

11. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2046 КО Долно Српци, со површина од 1389 м2 и дел од КП бр.2200/1 КО Долно Српци, со површина од 1805 м2, запишани во Имотен лист бр.190, согласно Решение за експропријација УП бр.30-429/24 од 18.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

12. Земјоделско земјиште дел од КП бр.577/1 КО Кукуречани, со површина од 1190 м2 и дел од КП бр.577/2 КО Кукуречани, со површина од 1117 м2, запишани во Имотен лист бр.829, согласно Решение за експропријација УП бр.30-348/24 од 2.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

13. Земјоделско земјиште дел од КП бр.382/4 КО Беранци, со површина од 956 м2 и дел од КП бр.382/5 КО Беранци, со површина од 754 м2, запишани во Имотен лист бр.62, согласно Решение за експропријација УП бр.30-338/24 од 25.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

14. Земјоделско земјиште дел од КП бр.592/1 КО Лознани, со површина од 66554 м2 и дел од КП бр.609/2 КО Лознани, со површина од 12427 м2, запишани во Имотен лист бр.242, согласно Решение за експропријација УП бр.30-640/24 од 30.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

15. Земјоделско земјиште дел од КП бр.592/1 КО Лознани, со површина од 66554 м2, дел од КП бр.609/2 КО Лознани, со површина од 51973 м2, дел од КП бр.592/2 КО Лознани, со површина од 33485 м2 и дел од КП бр.593/1 КО Лознани, со површина од 8442 м2 запишани во Имотен лист бр.267, согласно Решение за експропријација УП бр.30-626/24 од 30.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

16. Земјоделско земјиште дел од КП бр.426/1 КО Беранци, со површина од 1353 м2 и дел од КП бр.426/2 КО Беранци, со површина од 2888 м2, запишани во Имотен лист бр.332, согласно Решение за експропријација УП бр.30-369/24 од 1.11.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

17. Земјоделско земјиште дел од КП бр.3333/1 КО Долно Српци, со површина од 9936 м2 и дел од КП бр.3334/1 КО Долно Српци, со површина од 175 м2, запишани во Имотен лист бр.142, согласно Решение за експропријација УП бр.30-476/24 од 1.11.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

18. Земјоделско земјиште дел од КП бр.1698/2 КО Лознани, со површина од 192 м2, запишана во Имотен лист бр.93, согласно Решение за експропријација УП бр.30-594/24 од 18.12.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

19. Земјоделско земјиште дел од КП бр.1298/2 КО Лознани, со површина од 587 м2, запишана во Имотен лист бр.86, согласно Решение за експропријација УП бр.30-583/24 од 18.12.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

20. Земјоделско земјиште дел од КП бр.25/1 КО Вашарејца, со површина од 750 м2, запишана во Имотен лист бр.190, согласно Решение за експропријација УП бр.30-604/24 од 18.12.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

21. Земјоделско земјиште дел од КП бр.395/1 КО Беранци, со површина од 648 м2, запишана во Имотен лист бр.364, согласно Решение за експропријација УП бр.30-379/24 од 4.11.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

22. Земјоделско земјиште дел од КП бр.815 КО Лознани, со површина од 1641 м2, запишана во Имотен лист бр.9, согласно Решение за експропријација УП бр.30-650/24 од 28.11.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

23. Земјоделско земјиште дел од КП бр.3235/1 КО Црнобуки, со површина од 2037 м2 и дел од КП бр.3235/2 КО Црнобуки, со површина од 286 м2, запишани во Имотен лист бр.344, согласно Решение за експропријација УП бр.30-356/24 од 30.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

24. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2401/8 КО Беранци, со површина од 919 м2, запишана во Имотен лист бр.1072, согласно Решение за експропријација УП бр.30-404/24 од 25.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

25. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2839/1 КО Црнобуки, со површина од 4871 м2, запишана во Имотен лист бр.653, согласно Решение за експропријација УП бр.30-353/24 од 22.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

26. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2401/9 КО Беранци, со површина од 358 м2, запишана во Имотен лист бр.1097, согласно Решение за експропријација УП бр.30-405/24 од 25.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

27. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2401/9 КО Беранци, со површина од 358 м2, запишана во Имотен лист бр.1097, согласно Решение за експропријација УП бр.30-407/24 од 25.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

28. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2897/2 КО Црнобуки, со површина од 1577 м2, запишана во Имотен лист бр.629, согласно Решение за експропријација УП бр.30-362/24 од 22.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

29. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2346/1 КО Долно Српци, со површина од 4057 м2, запишана во Имотен лист бр.99, согласно Решение за експропријација УП бр.30-412/24 од 14.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

30. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2693/10 КО Долно Српци, со површина од 4390 м2, запишана во Имотен лист бр.104, согласно Решение за експропријација УП бр.30-396/24 од 14.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

31. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2031 КО Долно Српци, со површина од 3560 м2, дел од КП бр.2032 КО Долно Српци, со површина од 2240 м2 и дел од КП бр.2041/1 КО Долно Српци, со површина од 3669 м2, запишани во Имотен лист бр.50, согласно Решение за експропријација УП бр.30-377/24 од 14.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола;

32. Земјоделско земјиште дел од КП бр.1285/1 КО Лознани, со површина од 2718 м2, запишана во Имотен лист бр.7081, согласно Решение за експропријација УП бр.30-665/24 од 6.12.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола и

33. Земјоделско земјиште дел од КП бр.2931/1 КО Долно Српци, со површина од 1952 м2, запишана во Имотен лист бр.460, согласно Решение за експропријација УП бр.30-550/24 од 29.10.2024 година на Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи - Подрачно одделение за првостепена управна постапка – Битола,

за изградба на Коридор 10 Д, делница Прилеп-Битола.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 50-1596/4 | Претседател на Владата |
| 11 февруари 2025 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**800.**

Врз основа на член 11 став 4 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), претседателот на Владата на Република Северна Македонија, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Во Одлуката за формирање на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 72/22), во членот 5, во ставот 6, зборовите: „Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 71/05, 2/06, 8/06, 46/06, 18/07, 94/07, 103/07, 126/07, 138/07, 39/08, 137/08, 154/08, 63/09, 76/09, 144/09, 39/10, 63/10, 158/10, 5/11, 75/11, 133/11, 70/12, 82/12, 161/12, 172/13, 16/14, 21/14, 99/14, 116/14, 152/15, 161/15, 218/15, 19/16, 71/16, 189/16, 126/17, 102/18, 108/18, 209/18 и 234/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.73/19, 139/19, 147/19, 262/19, 278/19, 26/20, 29/20, 237/20, 245/20, 101/21, 152/21 и 38/22)“, се заменуваат со зборовите: „Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Северна Македонија“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-449/1с | Претседател на Владата |
| 14 февруари 2025 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р. |

**801.**

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.239/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И ФОНДАЦИИТЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година во рамките на Министерството за односи меѓу заедниците во Раздел 04010 – Министерство за односи меѓу заедниците, Потпрограма 11 – Промоција на меѓуетнички односи, ставка 463 – Тран

сфери до невладини организации коишто се наменети за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации, во вкупен износ од 20.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма, се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, преку грантови во износ до 600.000,00 денари за програми (проекти), за следниве:

А) Приоритетни цели:

- еднаквост и недискриминација во сите области на општественото живеење;
- подобрување на социјалната кохезија и меѓуетничка толеранција;
- обезбедување и промоција на вредностите на Охридскиот рамковен договор (етничкиот, културниот и јазичниот идентитет на заедниците);
- успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија;
- владеење на правото, независност на правосудството, доследна и неселективна борба против криминалот и корупцијата со широка и обврзувачка транспарентност;
- унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците во основното и средното образование на начин утврден со закон и
- информирање на јазиците на припадниците на заедниците во традиционални и дигитални медиуми заради запознавање на широката јавност.

Б) Специфични цели:

- унапредување на меѓуетничката толеранција и елиминирање на сите видови на дискриминација;
- промоција на мултиетничкиот карактер на општеството, градење доверба и успешен соживот на припадниците на заедниците на централно и на локално ниво;
- спроведување на начелата коишто произлегуваат од Охридскиот рамковен договор;
- спроведување на правото на употреба на јазиците на припадниците на заедниците на начин утврден со закон;
- промовирање и заштита на културното наследство на припадниците на заедниците;
- унапредување на меѓуетничката соработка во области на културата и образованието;
- промоција и унапредување на почитувањето на идентитетот на припадниците на заедниците;
- унапредување и спроведување на човековите права, правна рамка за заштита на фундаменталните права;
- поефикасна соработка и заедничко дејствување меѓу националните структури за човекови права, социјалните партнери, организациите на граѓанското општество и владините органи за да се унапреди агендата за човекови права;
- јакнење на владеење на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите;
- развивање на систем на правда кој ефикасно ги штити човековите слободи, права и заеднички систем на вредности;
- одлучна и неселективна борба со организираниот криминал и корупцијата, реформи во насока на владеење на правото и изградба на независни институции;
- развој на образованието во функција на создавање на личности кои ќе ги почитуваат, негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување на духот на мултикултурализмот и интеркултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот и
- подобрена информираност на јазиците на припадниците, во јавната сфера и во медиумското известување.

3. Распределувањето на средствата од точка 1 од оваа програма се спроведува согласно добрата практика за обезбедување финансиска поддршка од Владата на Република Северна Македонија утврдена со Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/07) и Одлуката за условите за распределба и користење на средства за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.11/25).

4. За реализација на оваа програма се грижи Министерството за односи меѓу заедниците.

5. Здруженијата и фондациите на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, по завршувањето на своите програмски активности, доставуваат извештај за користењето на средствата до Министерството за односи меѓу заедниците во рок од 30 дена.

6. Министерството за односи меѓу заедниците ќе достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели и образложение на постигнатите резултати до 31 декември 2025 година.

7. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-871/5
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**802.**

Врз основа на член 127 став (1) од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 99/19, 220/19, 236/22 и 74/24) , Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ОПРЕМУВАЊЕ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА 2025 ГОДИНА**

I

Со оваа програма се уредува финансирањето на изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

II

Во текот на 2025 година планирано е да се реализираат инвестициони активности во вкупен износ од 134.750.000,00 денари кои се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, од кои средства од основен буџет во износ од 80.750.000,00 денари, од самофинансирачки активности во износ од 1.000.000,00 денари и средства од Заемот од Банката за развој на Совет на Европа во износ од 53.000.000,00 денари.

III

ГРАДЕЖНО ЗАНАТСКИ РАБОТИ И НАБАВКА НА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ВО ВКУПНА ВИСИНА ОД 61.750.000,00 ДЕНАРИ ОД КОИ 60.750.000,00 ДЕНАРИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ И 1.000.000,00 ДЕНАРИ ОД БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

1.КПД ИДРИЗОВО
1.1. Започнување со изградба на жичана ограда
2. КПД ШТИП
2.1. Набавка на котел за парно греење

3. ЗАТВОР СКОПЈЕ

3.1. Набавка на втор котел и горилник и воспоставување во функција на греење на гас во установата

3.2. Набавка на видео надзор

4. ЗАТВОР ГЕВГЕЛИЈА

4.1. Набавка на кујнска опрема - шпорет за подготовка на храна за потребите на осудени и притворени лица во установата

5. ЗАТВОР СТРУМИЦА

5.1. Набавка на котел за парно греење

5.2. Изградба на заштитен ѕид во установата

6. ЗАТВОР КУМАНОВО

6.1. Изградба на хала за производство на печурки

IV

ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА, ИЗВЕДБА И НАДЗОР НАД ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ВО ВКУПЕН ИЗНОС ОД 73.000.000,00 ДЕНАРИ ОД КОИ 53.000.000,00 ДЕНАРИ ОД ЗАЕМОТ И 20.000.000,00 ДЕНАРИ ОД БУЏЕТСКОТО УЧЕСТВО НА ЗАЕМОТ

1. Казнено-поправна установа КПД ИДРИЗОВО

1.1. Изведба на градежни работи, надзор над изведбата на градежните работи, проектирање и ревизија.

2. Затвор Куманово со Отворено Одделение во Крива Паланка

2.1. Изведба на хидро-геолошки истражни работи за снабдување со санитарна и против пожарна вода на Затвор Куманово, с.К`шање

V

За реализација на оваа програма ќе се користат средства обезбедени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 07002 - Управа за извршување на санкциите, Сметка 637 Програма 3 - казнено - поправни установи, капитална потпрограма 3А – изградба, реконструкција и опремување на казнено-поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи, ставка 480 – купување на опрема и машини во износ од 1.750.000,00 денари, ставка 481 - градежни објекти во износ од 54.000.000,00 денари, ставка 482-други градежни објекти во износ од 5.000.000,00 ден. Сметка 787 Програма 3 - казнено - поправни установи, капитална потпрограма 3А- изградба, реконструкција и опремување на казнено-поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи , ставка 480 – купување на опрема и машини во износ од 500.000,00 денари, ставка 481 - градежни објекти во износ од 500.000,00 денари, Сметка 637 Програма 3 - казнено поправни установи, капитална потпрограма 3Б - реформи на казнено - поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи, ставка 48-Градежни објекти во износ од 20.000.000,00 денари и од заемот Сметка 786 Програма 3 - казнено поправни установи, капитална потпрограма 3Б - реформи на казнено - поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи, ставка 481 - Градежни објекти во износ од 53.000.000,00 денари.

VI

За извршувањето на оваа програма се изготвува извештај во рокот предвиден за составување на годишна сметка на Управата за извршување на санкциите.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1040/7
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**803.**

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Средствата за реализација на оваа програма се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година, Раздел 12101, Програма 3, Потпрограма 30, Категорија 42, Ставка 425 Договорни услуги, во износ од 30.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за:

2.1 Заостанати обврски согласно Годишната програма за финансирање на изработка на просторен план на Република Северна Македонија за 2024 година, по однос на Договор за изработка на Просторен план на Република Северна Македонија склучен со Агенција за планирање на просторот, во износ од 23.500.273,00 денари и

2.2. Изработка на нов Просторен план на Република Северна Македонија во износ 6.499.727,00 денари.

3. За спроведување на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

4. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-460/6
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**804.**

Врз основа на член 36 став (6) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), а во врска со член 18 став (1) од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 215/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 февруари 2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА ГРУПАТА ЗА ПРОЦЕНА**

1. Во Решението за именување членови на Групата за процена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.194/24), во точка 1 алинејата 2 се брише.

Алинејата 7, која станува алинеја 6, се менува и гласи:

„- Бојан Христовски, директор на Агенцијата за национална безбедност на Република Северна Македонија,“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-1365/6
11 февруари 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**805.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## РИБОЛОВНА ОСНОВА
## ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „МАНТОВО“

### 1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ

#### 1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Мантово“




Слика 1. Географска карта на риболовното подрачје Мантово

#### 1.2. Основни податоци за риболовното подрачје

Акумулацијата Мантово се наоѓа на коритото на реката Крива Лакавица. Вкупниот волумен на акумулацијата Мантово е 47.500.000 $m^3$ вода, а најголемата длабочина е 40 m.

Водите на акумулацијата Мантово се искористуваат за наводнување и водоснабдување. Системот за наводнување го сочинуваат два магистрални канала: лев магистрален канал со должина од 29.762 m, со пропустлива моќ на водата 24.3 $m^3 \cdot sek^{-1}$; и десен магистрален канал со должина од 19.220 m, со пропустлива моќ 30,8 $m^3 \cdot sek^{-1}$.

Годишно за потребите на земјоделството се трошат од 8 до 10.000.000 $m^3 \bullet sek^{-1}$ вода, додека за потребите на рудникот Бучим се трошат од 1 до 1.500.000 $m^3 \bullet sek^{-1}$ вода.

Акумулацијата Мантово има долгнавеста форма и се протега во правец југоисток-северозапад. Од север се граничи со атарот на селото Долна Враштица, од исток со атарот на село Габревци, од југ со атарот на село Долни Радеш, додека од запад со атарот на село Гарван од каде и се наоѓа насипот на самата брана.

Акумулацијата Мантово се одликува со доста висока органска продукција затоа што лежи на порано обработливите површини и ливади, како и покриени жбунести шумски култури и не мал број од повисоките шумски култури.

**1.2.1. Риболовна зона**

На риболовното подрачје „Мантово“ не се определува риболовна зона.

**1.2.2. Рекреативна зона (ревир)**

На риболовното подрачје „Мантово“ се определува рекреативната зона „Мантово”, која ја опфаќа целата површина на акумулацијата Мантово.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во риболовното подрачје „Мантово“ ја сочинуваат 14 видови риби, претставници на четири фамилии. Видовите риби се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

**Табела 1. Видови риби во риболовното подрачје „Мантово“**

| Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| **CYPRINIDAE** | | |
| *Alburnoides bipunctatus* (Bloch, 1782) | *Alburnoides bipunctatus* | вардарка, гомнушка |
| *Alburnus thessalicus* (Stephanidis, 1950) | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Barbus balcanicus* (Kotlik, Tsigenopoulos, Rab & Berrebi, 2002) | *Barbus meridionalis; Barbus peloponnesius; Barbus petenyi* | црна мрена балканска мрена |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Chondrostoma vardarense* (Karaman, 1928) | *Chondrostoma nasus* | скобуст, бојник |
| *Ctenopharingodon idella* (Valenciennes 1844) | *Ctenopharingodon idella* | амур |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Rutilus rutilus* (Linnaeus, 1858) | *Rutilus rutilus* | црвеноперка |
| *Scardinius erythrophthalmus* (Linnaeus, 1758) | *Scardinius erythrophthalmus* | писа, платица |
| *Squalius vardarensis* (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| *Tinca tinca* (Linnaeus, 1758) | *Tinca tinca* | лињак |
| **SILURIDAE** | | |
| *Silurus glanis* (Linnaeus, 1758) | *Silurus glanis* | сом |
| **CENTRARHIDAE** | | |
| *Lepomis gibbosus* (Linnaeus, 1758) | *Lepomis gibbosus* | сончаница |
| **PERCIDAE** | | |
| *Perca fluviatilis* (Linnaeus, 1758) | *Perca fluviatilis* | костреш, перкија |

### 2.2. Останати поважни водни организми

Во рииболовното подрачје „Мантово“ се среќаваат, жаби, водни желки и водни змии кои немаат особено значење за риболовот.

Во октомври 2013 година во акумулацијата забележана е масовна појава на ракот *Astacus leptodactylus*. Овој рак вообичаено ги населува еутрофните езера, акумулации, рибници, па дури и канали, консумирајќи секаков вид на храна. Во споредба со другите декаподни ракови тој е потолерантен на кислороден дефицит, поради што не изненадува неговото присутство во акумулацијата.

### 2.3. Проценета ихтиомаса

Имајќи предвид дека рибите од рекреативната зона „Мантово“ не се доделуваат на користење за вршење комерцијален риболов, нема проценка на ихтиомсата. Рибите се значајни само од аспект на рекреативен риболов.

## 3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Дозволениот дневен улов по видови риби за рекреативната зона „Мантово“ е претставен во Табелата 2 од оваа риболовна основа.

**Табела 2. Дозволен дневен улов по видови на риби во риболовното подрачје „Мантово“**

| Вид на риба | Количини на дозволен улов |
|---|---|
| сом | една единка |
| крап | до две единки |
| костреш, перкија | до десет единки |
| клен | до десет единки |
| скобуст | до десет единки |
| црвенперка | до 20 единки) примероци |
| писа, плотица | до 20 единки |
| лињак | до 5 единки |

Дозволена количина на дневен улов е до 3 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

За видот „сребрен карас“ нема никакво ограничување и може да се лови во сите должини и во неограничени количини.

По исклучок за единка на крап или сом кој е над 3 kg, дозволен е улов на една единка крап или една единка сом без оглед на нивната големина.

## 4. ПЕРИОД ЗА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табелата 3 од оваа риболовна основа.

**Табела 3. Преглед на периодот на мрест на позначајните видови риби во риболовното подрачје „Мантово“**

| Вид на риба | Период на мрестење |
|---|---|
| скобуст | мрест во IV и V месец |
| сом | мрест во IV, V и VI месец |
| костреш | мрест во IV и V месец |
| клен | порционен мрест во V и VI |
| писа, плотица | мрест во V и VI месец |
| црвенперка | мрест во V и VI месец |
| црна мрена | мрест во V и VI месец |
| крап | мрест во IV, V и VI месец |
| лињак | мрест во V, VI и VII месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Мантово“ се врши секоја година со подмладок од крап.

Порибувањето со подмладок од крап се врши со количина од најмалку 250 kg со големина од 500 – 1.500 g, должина од најмалку 30 cm и најмалку од 150 до 500 единки.

Покрај задолжителното порибување со предвидените видови риби, може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

### 5.2. Период на порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Мантово“ може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

**6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ**

Физичката заштита на рибите од рекреативната зона „Мантово" се врши со вработени лица – рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку еден рибочувар.

**7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ**

На риболовното подрачје „Мантово" нема прогласено заштитено подрачје на кое е забранет риболов.

**8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ**

На риболовното подрачје „Мантово" не се предвидуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

**9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона „Мантово" изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

10. Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 33-2237/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**806.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**РИБОЛОВНА ОСНОВА**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „РАТЕВО" – БЕРОВСКО ЕЗЕРО**

## 1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ

### 1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Ратево – Беровско Езеро"




Слика 1. Географска карта на риболовното подрачје „Ратево – Беровско Езеро"




**Слика 1. Сателитски приказ на риболовното подрачје „Ратево – Беровско Езеро"**

### 1.2. Основни податоци за риболовното подрачје

Риболовното подрачје „Ратево – Беровско Езеро" ја опфаќа целата површина на вештачкото езеро - акумулација Ратево, делот на реката Брегалница од изворите до селото Митрашинци со сите притоки, Клепалска река и Заменичка река.

Браната на акумулацијата Ратево се наоѓа на оддалеченост од 6 km југоисточно од градот Берово и на 12,5 km од вливот на Ратевска Река како лева притока на Брегалница.

Со изградбата на браната формирана е акумулација со зафатнина 10.500.000 $m^3$ и корисна зафатнина 9.000.000 $m^3$ вода. Должина на акумулацијата изнесува 2,5 km, површината изнесува 0,57 $km^2$, максимална длабочина 50 m, просечна длабочина 17,5 m, а вкупната должина на бреговa линија од 3,5 km. Основната цел на изградбата на браната е да се создаде акумулација за потребите на наводнување на 3000 ha обработлива површина во Малешевското Поле. Денес акумулацијата се користи и за снабдување со техничка и вода за пиење на градот Берово и околните населби. Изградбата на браната е започната во 1969 година, а градежните работи се завршени во 1975 година. Експозицијата на простирање на акумулацијата е северозапад – југоисток.

Браната е од бетонско лачно-гравитационен тип со преливен дел во центарот на браната кој има должина од 18.75 m и капацитет на прелив од 70 x 106 $m^3/s$ при преливна висина од 1,75 m. Висината на браната е 53 m, должината на круната 194 m, дебелината на круната 1,5 m, а дебелината на дното 8 m. Круната е на надморска височина од 986 m, кота на нивото на водата при максимално полна акумулација е на 984 m надморска височина, а најниската кота на фундаментот е на 933 m надморска височина. Котата на предвидениот мртов простор е на 955.5 m надморска височина. Котата на преливниот раб е на 984 m надморска височина.

Браната има два темелни испусти. Првиот е за испуштање на вода во Ратевска Река и одржување на биолошкиот минимум и за испуштање на вода што преку реката Брегалница се акумулира во акумулацијата Калиманци и истата се користи за наводнување на Кочанското Поле.

Вториот е за испуштање на водата преку канал во пречистителната станица која се користи за снабдување на граѓаните од градот Берово и околните места со вода за пиење. Од вториот темелен испуст се зема вода и за наводнување на Малешевско Поле.

Клепалска река и Заменичка **река ја формираат** Ратевска река. Површината на сливот на Ратевска Река до преградното место изнесува 53,6 km$^2$ и се наоѓа на средна надморска височина од 1260 m, со просечен годишен талог од 798 mm и среден годишен проток од 20.395 x 106 m$^3$ (0.634m/s). Минималниот годишен проток изнесува 6.748 x 106 m$^3$ (0.098 m$^3$/s), а максималниот годишен проток 72.064 x 106 м3 (70 m$^3$/s). Највисока точка во сливот е Пецов Чукар со висина од 1490 m надморска височина, и е еден од врвовите на Малешевските Планини.

### 1.2.1. Риболовна зона

На риболовното подрачје „Ратево – Беровско Езеро“ не се определува риболовна зона.

### 1.2.2. Рекреативна зона (ревир)

Во риболовното подрачје „Ратево – Беровско Езеро “ се определува рекреативната зона „Ратево“ која ја опфаќа целата површина на вештачкото езеро - акумулација Ратево, делот на реката Брегалница од изворите до селото Митрашинци со сите притоки, Клепалска река и Заменичка река.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во риболовното подрачје „Ратево – Беровско Езеро“ ја сочинуваат десет видови риби претставници на три фамилии. Видовите риби се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

**Табела 1 . Видови риби во риболовното подрачје „Ратево – Беровско Езеро“**

| Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| SALMONIDAE | | |
| *Salmo macedonicus* (Karaman, 1924) | *Salmo trutta; Trutta macedonica* | македонска пастрмка |
| CYPRINIDAE | | |
| *Alburnus sp.* | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Barbus balcanicus* (Kotlik, Tsigenopoulos, Rab & Berrebi, 2002) | *Barbus meridionalis; Barbus peloponnesius; Barbus petenyi* | црна мрена балканска мрена |
| *Carassius carassius* (Linnaeus 1758) | *Carassius carassius* | златен карас |
| *Chondrostoma vardarense* (Karaman, 1928) | *Chondrostoma nasus* | скобуст, бојник |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Gobio bulgaricus* (Drensky, 1926) | *Gobio gobio* (Linnaeus, 1758) | кркушка |
| *Squalius vardarensis* (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| *Tinca tinca* (Linnaeus, 1758) | *Tinca tinca* | лињак |
| ANGUILLIDAE | | |
| *Anguilla anguilla* (Linnaeus, 1758) | *Anguilla anguilla* | јагула |

### 2.2. Останати поважни видови водни животни

Во акумулацијата се сретнуваат жаби и змии. Истите немаат особена важност за риболовот.

### 2.3. Проценета ихтиомаса

Имајќи предвид дека рибите од риболовното подрачје „Ратево – Беровско Езеро“ не се доделуваат на користење за вршење комерцијален риболов, не е потребна проценка на ихтиомсата. Рибите се значајни само од аспект на рекреативен риболов.

## 3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Дозволениот дневен улов по видови риби на риболовото подрачје „Ратево – Беровско Езеро“ е претставен во Табелата 2 од оваа риболовна основа.

**Табела 2. Дозволениот дневен улов по видови риби на риболовото подрачје „Ратево – Беровско Езеро“**

| Вид на риба | Дозволен дневен улов |
|---|---|
| македонска пастрмка | до две единки |
| крап | до две единки |
| клен | до десет единки |
| црна мрена | до 20 единки |
| златен карас | до десет единки |
| јагула | една единка |
| лињак | трајна забрана |

Дозволена количина на дневен улов е до 3 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3 kg влегуваат и сите останати видови на риби (освен видот линјак) наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

По исклучок за единка на крап кој е над 3 kg, дозволен е улов на една едника крап без оглед на неговата големина.

## 4. ПЕРИОД ЗА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табелата 3 од оваа риболовна основа.

| Табела 3. Преглед на периодот на природен мрест на позначајните видови риби во риболовното подрачје „Ратево – Беровско Езеро“ | |
|---|---|
| **Вид на риба** | **Период на мрестење** |
| **пастрмка** | од почетокот на X месец во тековната до крај на I месец наредната година |
| **скобуст** | средина на IV и почеток на V месец |
| **златен карас** | порционен мрест во IV, V и VI |
| **клен** | порционен мрест во V и VI |
| **крап** | мрест во V, VI и VII месец |
| **црна мрена** | порционен мрест во V, VI и VII месец |
| **лињак** | мрест во V, VI и VII месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Риболовните води на риболовната зона „Ратево – Беровско Езеро“ се порибуваат со подмладок од македонска пастрмка и крап.

Порибувањето со подмладок од македонска пастрмка се врши секоја година со количина од најмалку 50 kg, со големина од 10 – 70 g, должина од 5-15 cm и најмалку од 700 до 5000 единки.

Порибувањето со подмладок од крап се врши секоја година со количина од најмалку 100 kg крап со големина од 500 до 1.500 g, најмала должина од 30 cm и најмалку од 65 до 200 единки.

Покрај задолжителното порибување со предвидените видови риби, може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

### 5.2. Период за порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Ратево“ може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

**6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ**

Физичката заштита на рибите од риболовната зона „Ратево – Беровско Езеро“ се врши со вработени лица – рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку еден рибочувар.

**7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ**

На риболовното подрачје „Ратево – Беровско Езеро“ нема прогласено заштитено подрачје на кое е забранет риболов.

**8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ**

На риболовното подрачје „Ратево – Беровско Езеро“ не се предвидуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

**9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона „Ратево“ изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

**10.** Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 33-2238/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**807.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**РИБОЛОВНА ОСНОВА**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „ПРЕСПАНСКО ЕЗЕРО“**

## 1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ

### 1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Преспанско Езеро“




Слика 1. Географска карта на риболовното подрачје „Преспанско Езеро“

### 1.2. Основни податоци за риболовното подрачје

Риболовното подрачје „Преспанско Езеро“ ја опфаќа водната површина на Преспанското Езеро која припаѓа на територијта на Република Северна Македонија, течениjата на реката Исток, Голема или Стара Река, Преторска Река, Кранска Река, Брајчинска Река, реката Вича, реката Рајца, и Сливничка Река.

Преспанското Езеро е второ по големина природно езеро во Република Северна Македонија. Дел од сливот на Препанското Езеро чинат и делови на националните паркови Галичица и Пелистер во Република Северна Македонија, националниот парк Преспа во Република Албанија и националниот парк Преспа во Република Грција.

Преспанското Езеро на надморска височина на нивото на Езерото од 853 m има површина од 274 km$^2$ од кои 49 km$^2$ припаѓаат на Република Албанија, 48 km$^2$ на Република Грција, а 177 km$^2$ на Република Северна Македонија.

Преспанското Езеро се карактеризира со големи осцилации на нивото на водата. Најголема длабочина на Преспанското Езеро изнесува 76 m, најголемата должина изнесува 28 km, а најголемата широчина 17 km.

Реките во сливот на Пресапанското Езеро, а кои припаќаат на ова риболовно подрачје се мали водотеци.

Реката Исток, и Голенан или Стара Река се влеваат во Преспанското Езеро од севрна, додека Преторска Река Кранска Река и Брајчинска Река дотекуваат од западната страна на планината Пелистер, а во езерото се вливаат од источна страна.

Реката Вича, кај село Перово, реката Рајца , кај село Курбиново и Сливничка Река се со повремени водени текови.

#### 1.2.1. *Риболовна зона*

Во риболовното подрачје „Преспанско Езеро“ за вршење комерцијален риболов се определува риболовната зона „Преспанско Езеро“ која ја опфаќа целата површина на Преспанското Езеро во делот кој припаѓа на Република Северна Македонија, освен определената рекреативна зона и заштитените зони во езерото на кои е забранет риболов со закон.

#### 1.2.2. *Рекреативна зона (ревир)*

Во риболовното подрачје „Преспанско Езеро“ за организирање рекреативен риболов се определува рекреативната зона (ревир) „Преспанско Езеро“, која ги опфаќа деловите на Преспанското Езеро кои припаѓаат на Република Северна Македонија освен определената риболовна зона и заштитените зони во езерото на кои е забранет риболов со закон и реките Исток, Голема или Стара Река, Преторска Река, Кранска Река, Брајчинска Река, како и теченијата на реките Вича кај селото Перово, реката Рајца кај селото Курбиново и Сливничка Река.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во Преспанското Езеро ја сочинуваат 18 видови риби претставници на шест фамилии. Најзастепени се видовите од фамилијата *Cyprinidae*. Видовите риби во Преспанското Езеро се претставени во Табела 1 од оваа риболовна основа.

Табела 1. Видови риби во Преспанското Езеро

| Фамилија, вид по Kottelat (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| SALMONIDAE | | |
| *Salmo peristericus* (Karaman, 1938) | *Salmo trutta* | пелистерска пастрмка, брајчинска пастрмка |
| CYPRINIDAE | | |
| *Alburnoides prespensis* (Karaman, 1924) | *Alburnoides bipunctatus* | вардарка, гомнушка |
| *Alburnus belvica* (*Karaman, 1924)* | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Barbus prespensis* (Karaman, 1924) | *Barbus meridionalis; Barbus peloponnesius; Barbus petenyi* | црна мрена балканска мрена |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Chondrostoma prespense* (Karaman, 1928) | *Chondrostoma nasus* | скобуст, бојник |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Parabramis pekinensis* (Vasilewsky, 1855) | *Parabramis pecinensis* | нема име |
| *Pelasgus prespensis* (Караман 1924) | *Parahoxinus minutus, Phoxinellus minutus* | грунче |
| *Pseudorasbora parva* (Temmencj & Schlegel, 1846) | *Pseudorasbora parva* | амурче, чебачок |
| *Rhodeus amaruus* (Bloch, 1782) | *Rhodeus sericeus* | платиче |
| *Rutilus prespensis* (Караман 1924) | *Rutilus prespensis* | грунец |
| *Squalius prespensis* (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| *Tinca tinca* (Linnaeus, 1758) | *Tinca tinca* | лињак |
| ANGUILLIDAE | | |
| *Anguilla anguilla* (Linnaeus, 1758) | *Anguilla anguilla* | јагула |
| SILURIDAE | | |
| *Silurus glanis* (Linnaeus, 1758) | *Silurus glanis* | сом |
| COBITIDAE | | |
| *Cobitis meridionalis* (Karaman, 1924) | *Cobitus taenia* | штипалка |
| CENTRARHIDAE | | |
| *Lepomis gibbosus* (Linnaeus, 1758) | *Lepomis gibbosus* | сончаница |

Рибната популација во водите кои се влеваат во Преспанско Езеро ја сочинуваат шест видови риби, претставници на две фамилии. Видовите риби се претставени во табелата 2 од оваа риболовна основа.

Табела 2. Видови на риби во водите кои се влеваат во Преспанското Езеро

| Фамилија, вид по Kottelat (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| SALMONIDAE | | |
| *Salmo peristericus* (Karaman, 1938) | *Salmo trutta* | преспанска пастрмка, брајчинска пастрмка, |
| ***Oncorhynchus mykiss*** (Walbaum, 1927) | *Salmo gairdneri; Salmo irideus* | виножитна пастрмка, калифорорниска пастрмка |
| CYPRINIDAE | | |
| *Alburnus belvica* (*Karaman, 1924)* | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Barbus prespensis* (Karaman, 1924) | *Barbus meridionalis; Barbus peloponnesius; Barbus petenyi* | црна мрена балканска мрена |
| *Chondrostoma prespense* (Karaman, 1928) | *Chondrostoma nasus* | Скобуст, бојник |
| *Squallius prespensis* (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephallus* | клен |

## 2.2. Други водни организми

Во водите на Преспанското Езеро, во рамките на водоземци се среќаваат видовите жаби: *Rana ridibunda* и *Rana graeca*, додека од влекачите се среќаваат змиите: *Natrix teselata* и *Natrix natrix*. Од раковите се сретнува *Astacus astacus*.

## 2.3. Проценета ихтиомаса

Проценката на ихтиомасата на економски важните видови риби во риболовната зона „Преспанско Езеро“ е направена врз основа на пресметаната продукција на риби од направени истражувања на делот од езерото кој припаѓа на Република Северна Македонија.
Проценетата ихтиомаса е наведена во Табелата 3 од оваа риболовна основа.

| Табела 3. Проценета ихтиомаса | |
|---|---|
| Вид на риба | ВКУПНО |
| плашица | 253.110 |
| крап | 77.880 |
| грунец (писа) | 23.364 |
| сребрен карас | 19.470 |
| останато | 15.576 |
| ВКУПНО | 389.400 |

Имајќи предвид дека рибите од водите кои се влеваат во Преспанското Езеро не се доделуваат на користење за вршење комерцијален риболов, не е потребна проценка на ихтиомсата. Рибите се значајни само од аспект на рекреативен риболов.

## 3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Врз основа на наведената ихтиомаса од дел 2 точка 2.3., воспоставените пракси и искуства од минатото, вкупните количини на дозволен улов за вршење на комерцијален риболов во риболовната зона „Преспанско Езеро“ на годишно ниво се одредени во Табелата 4 од оваа риболовна основа .

| Табела 4. Количини на дозволен улов по видови риби за комерцијален риболов на на риболовната зона „Преспанско Езеро“ на годишно ниво изразено во килограми | |
|---|---|
| Вид риба | Количини на дозволен улов |
| крап | 30.000 |
| плашица, белвица | 100.000 |
| грунец (преспанска писа) | 20.000 |
| сребрен карас | неограничено |
| останато | 15.000 |

Дозволениот дневен улов по видови риби, за рекреативната зона (ревир) „Преспанско Езеро“ е претставен во Табелата 5 од оваа риболовна основа.

**Табела 5. Дозволен дневен улов по видови риби за рекреативен риболов**

| Вид на риба | Дозволен дневен улов |
|---|---|
| сом | една единка |
| крап | до две единки |
| скобуст | до 20 единки |
| карас | неограничено |

Дозволена количина на дневен улов на риби изнесува до 5 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 5 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 и Табелата 2 од оваа риболовна основа.

По исклучок, за единки на крап или сом кои се над 5 kg дозволен е улов на една единка крап или една единка сом без оглед на нивната големина.

За видот „сребрен карас“ и „виножитна пастрмка, калифорниска пастрмка“ нема никакви ограничувања и можат да се ловат во сите должини и во неограничени количини.

## 4. ПЕРИОД НА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) има свое практично и научно значење. Иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, таа сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот во кој се мрестат економски значајните видови риби во  е прикажан во Табелата 6 од оваа риболовна основа.

**Табела 6. Периодот на мрест на одредени видови риби во риболовното подрачје „Преспанско Езеро"**

| Вид на риба | Период на мрестење |
|---|---|
| Пастрмка | од средината на XI месец до крајот на I месец |
| Сом | мрест во IV и V месец |
| Скобуст | мрест во IV и V месец |
| Грунец | мрест во IV и V месец |
| Крап | мрест во V и VI месец |
| Белвица (плашица, нивичка) | мрест во V и VI месец |
| Клен | мрест во V и VI месец |
| Црна мрена | мрест во V, VI и VII месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Порибувањето на риболовното подрачје „Преспанско Езеро" се врши секоја година со подмледок од крап.

Порибувањето на риболовната зона „Преспанско Езеро" се врши со подмладок од крап во количина од најмалку 1.500 kg со тежина од 50 – 800 g, должина од 5-30 cm и најмалку од 1.875 до 30.000 единки.

Порибувањето на рекреативната зона „Преспанско Езеро" со подмладок од крап се врши во количина од најмалку 300 kg со тежина од 50 – 800 g, должина од 5-30 cm и најмалку од 375 до 3.000 единки.

### 5.2. Период за порибување

Порибувањето може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

## 6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ

Физичката заштита на рибите од риболовното подрачје „Преспанско Езеро" се врши со вработени лица - рибочувари од корисникот на рибите и другите водни организми.

Заштитата на рибите од риболовната зона „Преспанско Езеро" се врши со најмалку четири рибочувари.

Заштитата на рибите од рекреативната зона (ревир) „Преспанско Езеро" се врши со најмалку еден рибочувар.

## 7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ

Во риболовното подрачје „Преспанско Езеро" прогласено заштитено подрачје е строго заштитеното подрачје – островот Голем Град. Границита на заштитеното подрачје е определена во рамките на територијата на Националниот парк Галичица.

**8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ**

На риболовното подрачје „Преспанско Езеро“ не се определуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

**9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

Најмалата годишна вредност за вршење комерцијален риболов на риболовната зона „Преспанско Езеро“ е определена врз основа на претходни сознанија за риболовната вода кои се однесуваат на составот на рибната населба, продуктивноста на езерото, проценета ихтиомаса, претходни искуства од концесионирањето со риболовното подрачје (годишен улов на риби, просечна цена на рибите по видови, апроксимативно пресметани трошоци при стопанисувањето).

Најмалатата вредност на надоместокот за користење на рибите за комерцијален риболов од риболовната зона „Преспанско Езеро“ изнесува 1.560.000,00 денари за период од една година или 18.720.000,00 денари за период од 12 години.

Висината на надоместокот за користење на рибите и другите водни организме за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона (ревир) „Преспанско Езеро“ изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

**10. ДРУГИ ПОТРЕБНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

На рекреативната зона „Преспанско Езеро“ рекреативен риболов се организира од брег и од всидрен објект. Рекреативен риболов од брег се организира на целата брегова линија на Преспанското Езеро која припаѓа на Република Северна Македонија. Рекреативниот риболов од всидрен пловен објект се изведува на брегова линија на Преспанското езеро на оддалеченост од 150 m од обалата.

11. Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 33-2239/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**808.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## РИБОЛОВНА ОСНОВА
## ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „ГРАДЧЕ“

### 1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ

#### 1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Градче“




Слика 1. Географска карта на риболовното подрачјето „Градче“

#### 1.2. Основни податоци за риболовното подрачје

Риболовното подрачје „Градче“ ја опфаќа целата површина на акумулацијата Градче, Кочанска Река и делот на Брегалница од мостот на регионалниот пат Виница – Кочани до вливот на Злетовска Река, вклучувајќи ги сите притоки од текот на Брегалница во овој дел, освен Злетовска Река.

Акумулацијата Градче е изградена во 1959 година на местото на коешто Мала и Велика Река ја формираат Кочанска Река кај село Долно Градче на 6 km северно од Кочани. Браната е армирано-бетонска висока 32 m, со должина на круната од 150 m и кота од 467 m надморска височина. Езерото е долго 3,5 km, широко 0,2 km, со најголема длабочина од 29 m. Површината на акумулацијата изнесува 0,19 $km^2$ со зафатнина од 2.400.000 $m^3$ вода која се користи за водоснабдување на населението од Кочани и наводнување на околу 576 ha обработливо земјиште во Кочанско Поле.

Кочанска Река - извира од јужната страна на Лопенско Било на Осогово на надморска височина од 1.630 метри, долга е 34 километри а во реката Брегалница се влива над село Чифлик на 295 m надморска височина. Зафаќа сливна површина од 198 $km^2$ и релативен пад од 39,3 ‰, а главна притока и е Мала Река.

### 1.2.1. Риболовна зона

На риболовното подрачје „ Градче" не се определува риболовна зона.

### 1.2.2. Рекреативна зона (ревир)

Во риболовното подрачје „Градче" се определува рекреативната зона „Градче" која ја опфаќа целата површина на акумулацијата Градче, Кочанска Река и делот на Брегалница од мостот на регионалниот пат Виница - Кочани до вливот на Злетовска Река, вклучувајќи ги сите притоки од текот на Брегалница во овој дел, освен Злетовска Река.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во риболовното подрачје „Градче" ја сочинуваат 11 видови риби претставници на четири фамилии. Видовите риби се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

**Табела 1 . Видови риби во риболовното подрачје „Градче"**

| Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| SALMONIDAE | | |
| *Salmo macedonicus* (Karaman, 1924) | *Salmo trutta; Trutta macedonica* | македонска пастрмка |
| CYPRINIDAE | | |
| *Alburnoides bipunctatus* (Bloch, 1782) | *Alburnoides bipunctatus* | вардарка, гомнушка |
| *Alburnus thessalicus* (Stephanidis, 1950) | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Barbus balcanicus* (Kotlik, Tsigenopoulos, Rab & Berrebi, 2002) | *Barbus meridionalis; Barbus peloponnesius; Barbus petenyi* | црна мрена балканска мрена |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Chondrostoma vardarense* (Karaman, 1928) | *Chondrostoma nasus* | скобуст, бојник |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Gobio bulgaricus* (Drensky, 1926) | *Gobio gobio* (Linnaeus, 1758) | кркушка |
| *Squalius vardarensis* (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| SILURIDAE | | |
| *Silurus glanis* (Linnaeus, 1758) | *Silurus glanis* | сом |
| CENTRARHIDAE | | |
| *Lepomis gibbosus* (Linnaeus, 1758) | *Lepomis gibbosus* | сончаница |

### 2.2. Останати поважни видови водни животни

Во водите на риболовното подрачје „Градче", во рамките на водоземци се среќаваат видови на *Rana ridibunda*, *Rana graeca* и *Hyla arborea*, додека од влекачите се сретнуваат *Natrix teselata* и *Natrix natrix*. Од раковите се сретнува *Astacus astacus*. Слатководниот рак во минатото редовно се сретнувал по целото течение на реката. Денес неговата популација е драстично намалена и е доведена во прашање. Како основна причина за намалувањето на популациите на речниот рак и неговото потполно исчезнување од определени делови на текот е загадувањето и силниот антропоген притисок.

**2.3. Проценета ихтиомаса**

Имајќи предвид дека рибите од риболовното подрачје „Градче“ не се доделуваат на користење за вршење комерцијален риболов, не е потребна проценка на ихтиомсата. Рибите се значајни само од аспект на рекреативен риболов.

## 3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Дозволениот дневен улов по видови риби, за рекреативните зони на рекреативната зона „Градче “ е претставен во Табелата 2 од оваа риболовна основа.

**Табела 2. Дозволен дневен улов по видови риби на риболовното подрачјето „Градче“**

| Вид на риба | Дозволен дневен улов |
|---|---|
| македонска пастрмка | до две единки |
| клен | до десет единки |
| црна мрена | до 30 единки |
| крап | една единка |

Дозволена количина на дневен улов е до 3 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

За видот риби „сребрен карас“ нема никакво ограничување и може да се лови во сите должини и во неограничени количини.

По исклучок за единка на крап или сом кој е над 3 kg, дозволен е улов на една единка крап или една еднинка сом без оглед на нивната големина.

## 4. ПЕРИОД ЗА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табелата 3 во оваа риболовна основа.

**Табела 9. Периодот на мрест на позначајните видови риби на риболовното подрачјето „Градче“**

| Вид на риба | Период на мрестење |
|---|---|
| македонска пастрмка | од почетокот на X месец во тековната до крај на I месец наредната година |
| сом | почеток на IV до крај на V месец |
| клен | порционен мрест во V, VI и VII месец |
| крап | мрест во V, VI и VII месец |
| црна мрена | порционен мрест во V, VI и VII месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

**5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување**

Риболовните води на риболовната зона „Градче“ се порибуваат со подмладок од македонска пастрмка и крап.

Порибувањето со подмладок од македонска пастрмка се врши секоја година со количина од најмалку 25 kg, со големина од 10 – 70 g, должина од 5-15 cm и најмалку од 350 до 2500 единки.

Порибувањето со подмладок од крап се врши секоја година со количина од најмалку 100 kg, со големина од 500 – 1.500 g, должина од најмалку 30 cm и најмалку од 65 до 200 единки.

Покрај задолжителното порибување со предвидените видови риби, може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

**5.2. Период за порибување**

Порибувањето на рекреативните зони на риболовното подрачје „Градче" може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

**6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ**

Физичката заштита на рибите од риболовната зона „Градче" се врши со вработени лица – рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку еден рибочувар.

**7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ**

На риболовното подрачје „Градче" нема прогласено заштитено подрачје на кое е забранет риболов.

**8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ**

На риболовното подрачје „Градче" не се предвидуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

**9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона „Градче" изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

**10.** Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 33-2240/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**809.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**РИБОЛОВНА ОСНОВА**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „КОНЧЕ“**

## 1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ

### 1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Конче“




Слика 1. Географска карта на риболовното подрачје „Конче“

### 1.2. Основни податоци за риболовното подрачје

Риболовното подрачје „Конче“ ги офаќа водните површина на акумулациите Конче 1 и Конче 3.

Акумулациите Конче 1 и Конче 3 се формирани 1961 година и се наоѓаат во непосредна близина на селото Конче. Основна намена на акумулациите е наводнување. Вкупниот бруто волумен на акумулациите изнесува 20.000.000 $m^3$ вода од кои корисниот волумен изнесува 16.000.000 $m^3$. Максималната длабочина на акумулацијата е 6 m.

#### 1.2.1. Риболовна зона

На риболовното подрачје „Конче“ не се определува риболовна зона.

#### 1.2.2. Рекреативна зона

На риболовното подрачје „Конче“ се определува рекреативната зона „Конче 1 и Конче 3”, која ја офаќа целата водна површина на акумулациите „Конче 1 и Конче 3”.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во риболовното подрачје „Конче" ја сочинуваат седум видови риби, претставници на една фамилија. Видовите риби се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

**Табела 1. Видови риби во риболовното подрачје „Конче"**

| Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| CYPRINIDAE | | |
| *Alburnus thessalicus* (Stephanidis, 1950) | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Gobio bulgaricus* (Drensky, 1926) | *Gobio gobio* (Linnaeus, 1758) | кркушка |
| *Rutilus rutilus* (Linnaeus, 1858) | *Rutilus rutilus* | црвеноперка |
| *Squalius vardarensis* (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| *Tinca tinca* (Linnaeus, 1758) | *Tinca tinca* | лињак |

### 2.2. Останати поважни водни организми

Во риболовното подрачје „Конче" се среќаваат ракови, жаби, водни желки и водни змии кои немаат особено за значење за риболовот.

## 3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Дозволениот дневен улов по видови риби, за рекреативната зона „Конче 1 и Конче 3" е претставен во табела број 2 од оваа риболовна основа.

**Табела 2. Дозволен дневен улов по видови риби во рекреативната зона „Конче 1 и Конче 3"**

| Вид на риба | Количини на дозволен улов |
|---|---|
| крап | до две единки |
| црвеноперка | до 20 единки |
| клен | до десет единки |
| лињак (линиш) | една единка |

Дозволена количина на дневен улов е до 3 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

За видот „сребрен карас" нема никакво ограничување и може да се лови во сите должини и во неограничени количини.

По исклучок за примерок на крап кој е над 3 kg, дозволен е улов на две единки крап без оглед на нивната големина.

## 4. ПЕРИОД НА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табела 3 од оваа риболовна основа.

**Табела 3. Преглед на периодот на мрест на позначајните видови риби во риболовното подрачје „Конче“**

| Вид на риба | Период на мрестење |
|---|---|
| Клен | порционен мрест во V и VI |
| Црвенперка | мрест во V и VI месец |
| Кркушка | мрест во V и VI месец |
| Плашица | мрест во V и VI месец |
| Крап | мрест во IV, V и VI месец |
| Лињак | мрест во IV, V и VI месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Конче 1 и Конче 3“ во се врши со подмладок од крап.

Порибувањето со подмладок од крап се врши во количина од најмалку 100 kg со маса од 500 – 1500 g, должина од над 30 cm и најмалку од 70 до 200 единки.

Покрај задолжителното порибување со предвидените видови риби, може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

### 5.2. Период за порибување

Порибувањето може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

## 6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ

Физичката заштита на рибите од рекреативната зона „Конче 1 и Конче 3” се врши со вработени лица - рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку еден рибочувар.

## 7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ

На риболовното подрачје „Конче 1 и Конче 3” нема прогласено заштитено подрачје на кое е забранет риболов.

## 8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ

На риболовното подрачје „Конче 1 и Конче 3” не се предвидуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

## 9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона „Конче 1 и Конче 3” изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

**10.** Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 33-2241/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**810.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**РИБОЛОВНА ОСНОВА**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „МЛАДОСТ“**

1. **ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ**

1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Младост“




Слика 1. Географска карта на риболовното подрачје „Младост“




Слика 2. Сателитски приказ на риболовното подрачје „Младост"

**1.2. Основни податоци за риболовното подрачје**

Во централниот дел на Република Северна Македонија, на реката Отовица, во непосредна близина на селото Отовица и авто патот Велес-Скопје, изградена е бетонска-лачна брана. Браната е лоцирана на 41°46'N и 21°45'E, возводно за 2,5 km од вливот на реката Отовица во реката Вардар, при што е оформена акумулацијата Младост. Висината на браната изнесува 27 m а должината при круната изнесува 73 m.

Акумулацијата Младост е долга од 1,5 km а нејзината најголема широчина достигнува и до 500 m. Најголемата длабочина во езерото е 25 m. Езерото при кота од 24.500 m надморска височина зафаќа пофршина од 0,52 km$^2$, и има вкупна зафатнина од 8,00*10$^6$m$^3$. Оваа акумулација формира акумулационен простор, со корисен волумен од 3,80*10$^6$m$^3$, кој овозможува преку систем за наводнување обезбедување на вода за наводнување на делови околу Велес и село Отовица. Се наводнуваат околу 1.350 ha обработливо земјиште, претежно со лозови насади.

Сливот на река Отовица, која го полни Езерото Младост е со јужна експозиција на простирање. Водите на од сливот на река Отовица и нејзините притоки се спуштаат од под падините на Градиштанска Планина. Врвот Градиште е на кота со 826 m надморска височина и е највисока точка во сливот на река Отовица. Сливот на река Отовица на север граничи со сливот на река Лка, која кај Катлановска Бања се влева во реката Пчиња, на исток со сливовите на водотеците кои гравитираат према овчеполието, а на запад со сливовите на суводолиците кои гравитираат кон реката Вардар. Веднаш после браната на акумулацијата Младост, коритото на река Отовица се спушта кон реката Вардар.

**1.2.1. Риболовна зона**

На риболовното подрачје „Младост" не се определува риболовна зона.

**1.2.2. Рекреативна зона (ревир)**

На риболовното подрачје „Младост" се определува рекреативната зона „Младост", која ја опфаќа целата водна површина на акумулацијата Младост.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во риболовното подрачје „Младост" ја сочинуваат 16 видови риби, претставници на шест фамилии. Видовите риби се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

**Табела 1. Видови риби во риболовното подрачје "Младост"**

| Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| **CYPRINIDAE** | | |
| *Alburnus thessalicus* (Stephanidis, 1950) | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Carassius carassius* (Linnaeus 1758) | *Carassius carassius* | златен карас |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Ctenopharingodon idella* (Valenciennes 1844) | *Ctenopharingodon idella* | амур |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Hypophthalmichthys molitrix* (Valenciennes, 1844) | *Hypophthamichthys molitrix* | толстолобик бел |
| *Hypophthalmichthys nobilis* (Richardson, 1845) | *Arystichthys nobilis* | толстолобик сив |
| *Rutilus rutilus* (Linnaeus, 1858) | *Rutilus rutilus* | црвеноперка |
| *Squalius vardarensis* (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| *Tinca tinca* (Linnaeus, 1758) | *Tinca tinca* | лињак |
| **SILURIDAE** | | |
| *Silurus glanis* (Linnaeus, 1758) | *Silurus glanis* | сом |
| **CENTRARHIDAE** | | |
| *Lepomis gibbosus* (Linnaeus, 1758) | *Lepomis gibbosus* | сончаница |
| **AMEIURIDAE** | | |
| *Ameiurus nebulosus* (Leseur, 1819) | *Ameiurus nebulosus* | американско сомче |
| **ESOCIDAE** | | |
| *Esox lucius* (Linnaeus 1758) | *Esox lucius* | штука |
| **PERCIDAE** | | |
| *Perca fluviatilis* (Linnaeus, 1758) | *Perca fluviatilis* | костреш, перкија |
| *Stizostedion lucioperca* (Linnaeus, 1758) | *Sander lucioperka* | смуѓ |

### 2.2. Останати поважни водни организми

Во водите на риболовното подрачје „Младост" се среќаваат жаби, змии, желки и други водни организми кои повеќе или помалку влијаат врз рибната населба во акумулацијата.

## 3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Дозволениот дневен улов по видови риби за рекреативната зона „Младост" е претставен во Табела 2 од оваа риболовна основа.

**Табела 15. Дозволениот дневен улов по видови риби во риболовното подрачје "Младост"**

| Вид на риба | Дозволен дневен улов |
|---|---|
| крап | една единка |
| клен | до десет единки |
| штука | до четири единки |
| златен карас | до пет единки |
| црвеноперка | до 25 единки |
| костреш | до 20 единки |
| сом | една единка |
| лињак | една единка |
| смуѓ | една единка |
| амур | Трајна забрана |

Дозволена количина на дневен улов е до 3 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

За видовите „сребрен карас", „американско сомче" и „сончаница" нема никакво ограничување и може да се ловат во сите должини и во неограничени количини.

По исклучок, за единка на крап или сом кој е над 3 kg, дозволен е улов на една единка крап или една единка сом без оглед на нивната големина.

## 4. ПЕРИОД ЗА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табела 3 од оваа риболовна основа.

**Табела 3. Преглед на периодот на мрест на позначајните видови риби во риболовното подрачје "Младост"**

| Вид на риба | Период на мрестење |
|---|---|
| смуѓ | мрест во II и III месец |
| костреш | мрест во III, IV и V месец |
| сом | мрест во IV и V месец |
| златен карас | мрест во IV и V месец |
| црвеноперка | мрест во IV и V месец |
| клен | порционен мрест во V и VI месец |
| лињак | мрест во V, VI и VII месец |
| крап | мрест во V, VI и VII месец |
| штука | мрест во II и III месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Младост" се врши секоја година со подмладок од крап.

Порибувањето со подмладок од крап се врши со количина од најмалку 200 kg со големина од 500 – 1.500 g, должина од најмалку 15 cm и најмалку од 140 до 400 единки.

Покрај задолжителното порибување со предвидените видови риби, може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

### 5.2. Период на порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Младост" може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

## 6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ

Физичката заштита на рибите од рекреативната зона „Младост" се врши со вработени лица – рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку еден рибочувар.

**7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ**

На риболовното подрачје „Младост" нема прогласено заштитено подрачје на кое е забранет риболов.

**8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ**

На риболовното подрачје „Младост" не се предвидуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

**9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона „Младост" изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

10. Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 33-2242/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**811.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**РИБОЛОВНА ОСНОВА**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО“**

**1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ**

**1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Дојранско Езеро“**

Слика 1. Географска карта на риболовното подрачје „Дојранско Езеро“




**1.2. Основни податоци за риболовното подрачје**

Риболовното подрачје „Дојранско Езеро“ ја опфаќа водната површина на езерото која припаѓа на територијата на Република Северна Македонија.

Дојранското Езеро е трето по големина природно езеро во Република Северна Македонија (41°23' N 22°45' E) и настанало во текот на млад терциер. На почетокот тоа било дел од големото Егејско Езеро од кое понатака се формирало Пеонското Езеро или Празијас за време на последните тектонски поместувања во квартер. Во тој период зафаќало површина од 13.000 ha и имало длабочина од преку 110 m, со што било три пати поголемо и десет пати подлабоко од денешното езеро. Но, заради тектонските промени и климатските услови нивото на езерото спласнувало при што се формирале неколку тераси на височина од 90 m, 60 m и 40 m над денешното ниво на Дојранското Езеро. Резултат од тие процеси е денешното езеро кое при поволни хидролошки услови, а во поново време со интервенција на човекот преку каналот Ѓол Ај, во грчкиот дел од езерото, истекува во Арџанскиот Басен. Меѓутоа, истекот е можен само кога нивото на езерската вода е високо. Оваа река била канализирана во XIX век, како превентива од поплави.

Во 50-ите години од XX век, основен проблем била контролата на високиот водостој на езерото и заштитата од крајбрежни поплави. Како канал изграден е во 1965-66 година, со цел да го одржи максималното ниво на водата на 146 m (PH - референтна точка) или 147.34 m (PC - референтна точка). Вишокот на вода во езерото преку каналот се носи во реката Doiranitis, а оттаму во реката Вардар.

Дојранското Езеро е лоцирано во најнискиот дел на топографската депресија, ограничено на север со планината Беласица, на југоисток со планината Круша, а од запад со планината Мечек.

Езерото имало површина од околу 39.9 km$^2$ (или 42 km$^2$ според податоците на МК), при ниво од 147.34 m од која приближно 3/5 km$^2$ или 24.2 km$^2$ се во Република Северна Македонија, а останатите 2/5 или 15.7 km$^2$ во Република Грција, додека моменталната површина изнесува околу 31 km$^2$. Најниската точка на езерското дно е на апсолутна надморска височина од 138 m.

За разлика од претходната длабочина на Дојранското Езеро од 10 m, по рецентното намалување на нивото на водата, во 2001-2002 година неговата длабочина изнесува само 4 m. Малата длабочина го прави езерото многу ранливо во однос на спуштањето на неговото ниво.

Во период од 1951 до 1994/95 нивото на водата во езерото осцилираше меѓу котите 148.04 и 142.01 m надморска висина (PC – референтна точка), што претставува висинска разлика од 6.03 m. Овие флуктуации предизвикаа варирање на водната површина на езерото меѓу 42.7 km$^2$ и 31.1 km$^2$. Уште позначајно е што ваквата состојба е поврзана со редукција на волуменот на водата за 226.4 x 10$^6$ m$^3$, или 74 % од вкупниот волумен на езерската вода при максимално ниво на езерото.

Во 2001 година, Дојранското Езеро било во критична состојба, со варирање на нивото на езерската вода од околу 142.5 m надморска висина (PC - референтна точка), при што одговарачкиот волумен на ова ниво е пресметан приближно на 95 x 10$^6$ m$^3$. Во 2015 година нивото на езерото е значително покачено и веќе е на своето нормално ниво.

Вкупната површина на сливното подрачје изнесува 276.3 km$^2$ со слабо развиена речна мрежа во сливот на територијата на Република Северна Македонија. Тоа се должи на релативно малиот простор и на неговата геолошка градба. Речната мрежа е подобро развиена во сливот на територијата во Република Грција, особено во северо-источниот дел од сливното подрачје. Тука е лоциран главниот водотек Оџа Суји (или Брешка Река), со слив од 94.3 km$^2$. Реката ги прибира сите планински потоци што ја дренираат јужната страна на планината Беласица, како и реката Кавакаларис, чиј што слив изнесува 21 km$^2$. Овие водотеци поради својот релативно голем слив (вклучително и планината Беласица), се главни природни снабдувачи со вода на Дојранското Езеро.

Сливното подрачје на на Дојранското Езеро на територијата на Република Северна Македонија сливното подрачје го сочинуваат 26 мали сливови од потоци и повремени водотеци. Најзначајни од нив се Црн Поток (со слив од 6.44 km$^2$), Пазарли Дере (5.18 km$^2$), Сува Река (6.85 km$^2$) и планинскиот поток Дервен Рама (15.5 km$^2$).

#### 1.2.1. *Риболовна зона*

Во водите на Дојранското Езеро за вршење на комерцијален риболов се определува риболовната зона „Дојранско Езеро" кое ја опфаќа целата површина на Дојранското Езеро која припаѓа на територијата на Република Северна Македонија, освен определената рекреативна зона каде се организира рекреативен риболов и заштитените зони во езерото на кои е забранет риболов со закон.

**1.2.2. *Рекреативна зона (ревир)***

На риболовното подрачје „Дојранско Езеро" за организирање рекреативен риболов се определува рекреативната зона (ревир) – „Дојранско Езеро", која ја опфаќа водната површина на Дојранското Езеро која припаѓа на Република Северна Македонија, освен определената риболовна зона.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во риболовното подрачје „Дојранско езеро" ја сочинуваат 21 вид риби, претставници на седум фамилии. Видовите риби се претставени во Табелата 1.

**Табела 1. Видови риби во риболовното подрачје „Дојранско Езеро"**

| Фамилија, вид по Kottelat (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| CYPRINIDAE | | |
| ***Alburnus macedonicus*** | *Alburnus alburnus* | **белвица, плашка** |
| *Barbus balcanicus* (Kotlik, Tsigenopoulos, Rab & Berrebi, 2002) | *Barbus meridionalis;*<br>*Barbus peloponnesius;*<br>*Barbus petenyi* | црна мрена<br>балканска мрена |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Gobio bulgaricus* (Drensky, 1926) | *Gobio gobio* (Linnaeus, 1758) | кркушка |
| *Hypophthamichthys molitrix* (Valenciennes, 1844) | *Hypophthamichthys molitrix* | толстолобик бел |
| *Hypophthamichthys nobilis* (Richardson, 1845) | *Arystichthys nobilis* | толстолобик сив |
| *Pachychilon macedonicum* (Steindachner, 1892) | *Rutilus macedonicus* | мергур |
| *Pseudorasbora parva* (Temmencj & Schlegel, 1846) | *Pseudorasbora parva* | амурче, чебачок |
| *Rhodeus meridionalis* (Karaman, 1924) | *Rhodeus amarus, Rhodeus sericeus* | платиче |
| *Rutilus rutilus* (Linnaeus, 1858) | *Rutilus rutilus* | црвеноперка |
| *Scardinius erythrophthalmus* (Linnaeus, 1758) | *Scardinius erythrophthalmus* | писа, платица |
| *Squalius vardarensis* (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| *Tinca tinca* (Linnaeus, 1758) | *Tinca tinca* | лињак |
| ANGUILLIDAE | | |
| *Anguilla anguilla* (Linnaeus, 1758) | *Anguilla anguilla* | јагула |
| SILURIDAE | | |
| *Silurus glanis* (Linnaeus, 1758) | *Silurus glanis* | сом |
| COBITIDAE | | |
| *Cobitis vardarensis* (Karaman, 1928) | *Cobitus taenia* | штипалка |
| *Sabanejewia dojranica* (Economidis & Nolbant, 1996) | *Cobitis aurata* | златна штипалка |
| POECILILIDAE | | |
| *Gambusia holbrooki* (Girard, 1859 | *Gambusia affinis* | гамбузија |
| BLENNIIDAE | | |
| *Salaria fluviatilis* (Asso 1801) | *Salaria fluviatilis* | камењар |
| PERCIDAE | | |
| *Perca fluviatilis* (Linnaeus, 1758) | *Perca fluviatilis* | костреш, перкија |

### 2.2. Други водни организми

На риболовното подрачје Дојранско Езеро се сретнуваат повеќе видови на жаби, змии, желки и други водни животни кои повеќе или помалку влијаат врз рибната населба во езерото.

Во 2017 година во водите на Дојранското Езеро е регистрирано присуство на повеќе примероци пирана *Piranha naterery*.

Во табелата се претставени сите видови кои некогаш се опишани за водите на Дојранското Езеро. Мора да се напомене дека дел од рибите веќе не се дел од рибната населба на езерото. Видовите црна мрена, кркушка, клен, штипалка златна штипалка многу ретко или воопшто не се сретнуваат во езерото. Примерок на камењар не е уловен повеќеод 40 години.

### 2.3. Проценета ихтиомаса

Проценката на ихтиомасата на економски важните видови риби во риболовната зона Дојранско езеро е направена врз основа на пресметана продукција на риби од направени истражувања на делот од езерото кој припаѓа на Република Северна Македонија, воспоставените пракси и искуства од минатото, како и од податоците за уловите на риба во изминатите години од концесионирање. Проценетата ихтиомаса е наведена во Табелата 2.

| Табела 2. Проценета ихтиомаса | |
|---|---|
| **Вид на риба** | **Проценета ихтиомаса во килограми** |
| плашица | 39.000 |
| крап | 24.960 |
| костреш | 49.608 |
| црвеноперка | 134.160 |
| сом | 6.240 |
| сребрен карас | 46.800 |
| лињак | 5.000 |
| останати | 11.232 |
| ВКУПНО | 312.000 |

## 3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Врз основа на наведената ихтиомаса од дел 2 точка 2.3. на оваа риболовна основа воспоставените пракси и искуства од минатото, вкупните количини на дозволен улов за вршење на комерцијален риболов во риболовната зона „Дојранско Езеро“ на годишно ниво се одредени во Табелата 3.

**Табела 3. Количини на дозволен улов по видови риби за комерцијален риболов на риболовната зона „Дојранско Езеро“ на годишно ниво изразено во килограми**

| Вид риба | Проценета ихтиомаса во килограми | Количини на дозволен улов во килограми |
|---|---|---|
| крап | 24960 | 20.000 |
| костреш | 49608 | 30.000 |
| црвеноперка | 134160 | 100.000 |
| сом | 6240 | 5.000 |
| сребрен карас | 46800 | неограничено |
| плашица | 39000 | 20.000 |
| лињак | 5.000 | 3.500 |
| останати | 11.232 | 5.000 |
| ВКУПНО | 312000 | |

Дозволениот дневен улов по видови риби, за рекреативната зона (ревир) „Дојранско Езеро“ е претставен во Табелата 4.

**Табела 4. Дозволен дневен улов по видови риби за рекреативен риболов на рекреативната зона „Дојранско Езеро“**

| Вид на риба | Дозволен дневен улов |
|---|---|
| крап | до две единки |
| црвеноперка | до 25 единки |
| костреш | до 30 единки |
| сом | Една единка |
| лињак | до четири единки |
| сребрен карас | до 10 kg |

Дозволена количина на дневен улов на риби изнесува до 5 kg (освен видот сребрен карас за кој дозволената количина е 10 kg) без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 5 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа (освен видот карас за кој дозволената количина е 10 kg).

По исклучок, за единки на крап и сом кои се над 3 kg дозволен е улов на две единки крап или единка сом без оглед на нивната големина.

## 4. ПЕРИОД ЗА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) и покрај тоа што е карактеристика која што е детерминирана наследно, таа сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот во кој се мрестат економски значајните видови риби во е прикажан во Табелата 5.

**Табела 5. Периодот на мрест на одредени видови риби на риболовното подрачје „Дојранско Езеро“**

| Вид на риба | Период на мрестење |
|---|---|
| **кострееш** | мрест во III и IV месец |
| **сом** | мрест во IV и V месец |
| **крап** | мрест во IV и V месец |
| **црвеноперка** | мрест во IV и V месец |
| **писа, плотица** | мрест во IV и V месец |
| **плашица** | мрест во V и VI месец |
| **лињак** | мрест во V и VI месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Порибувањето на риболовното подрачје „Дојранско Езеро“ се врши секоја година со подмладок од крап.

Порибувањето на риболовната зона „Дојранско Езеро“ се врши со подмладок од крап во количина од најмалку 1.500 kg со тежина од 50 – 800 g, должина од 5-30 cm и најмалку од 1875 до 30.000 единки.

Порибувањето на рекреативната зона „Дојранско Езеро“ се врши секоја година со подмладок од крап во количина од најмалку 300 kg со тежина од 50 – 800 g, должина од 5-30 cm и најмалку од 375 до 3.000 единки.

Покрај задолжителното порибување со предвидените видови риби, може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

### 5.2. Период на порибување

Порибувањето може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

## 6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ

Физичката заштита на рибите од риболовното подрачје „Дојранско Езеро“ се врши со вработени лица - рибочувари од корисникот на рибите и другите водни организми.

Заштитата во риболовната зона „Дојранско Езеро“се врши со најмалку два рибочувари.

Заштитата на рибите од рекреативната зона (ревир) „Дојранско Езеро“ се врши со најмалку еден рибочувар.

## 7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ

Во риболовното подрачје „Дојранско Езеро“ нема заштитено подрачје на кое е забрането вршење риболов.

## 8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ

На риболовното подрачје „Дојранско Езеро“ не се определуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

## 9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ

### 9.1. Комерцијален риболов

Најмалата годишна вредност за вршење комерцијален риболов на риболовната зона „Дојранско Езеро“ е определена врз основа на претходни сознанија за риболовната вода кои се однесуваат на составот на рибната населба, продуктивноста на езерото, проценета ихтиомаса, претходни искуства од концесионирањето со риболовното подрачје (годишен улов на риби, просечна цена на рибите по видови, апроксимативно пресметани трошоци при стопанисувањето).

Најмалатата вредност на надоместокот за користење на рибите за комерцијален риболов од риболовната зона изнесува 850.000,00 денари за период од една година или 10.200.000,00 денари за период од 12 години.

**9.2. Рекреативен риболов**

Висината на надоместокот за користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона (ревир) „Дојранско Езеро"изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

**10. ДРУГИ ПОТРЕБНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

***Организирање на рекреативен риболов***

Рекреативниот риболов на рекреативната зона „Дојранско Езеро" се организира од брег и од всидрен пловен објект.

Рекреативниот риболов се организира на целата брегова линија на езерото.

Рекреативниот риболов од всидрен пловен објект се организира вдолж целата брегова линија на Дојранското Езеро, на оддалеченост од 35 m од појасот со трска или 50 m од брегот каде што нема трска, освен на определената риболовна зона.

***Период на природен мрест***

Со цел да се овозможи природен мрест на поголем број на риби се воведуваа период на забрана. Забраната за ловење на сите видови риби во Дојранското Езеро преставува целосен ловостој за сите видови риби во траење од најмалку 30 и истата се определува во зависнот од температурата на водата и временските услови во договор со Република Грција.

**11.** Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 33-2243/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**812.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**РИБОЛОВНА ОСНОВА**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „ТУРИЈА"**

**1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНО ПОДРАЧЈЕ**

**1.1. Географска карта на риболовното подрачје на рекатa „Турија"**



Слика 1. Географска карта на риболовното подрачје „Турија"

**1.2. Основни податоци за риболовното подрачје**

Риболовното подрачје „Турија" ја опфаќа водната површина на акумулацијата „Турија".

Акумулацијата Турија има бруто запремнина од 50.350.000 $m^3$ вода и овозможува повеќегодишно израмнување на билансот на водите на реката Турија. Максимална кота на акумулацијата е на 392 m надморска височина, со корисен волумен од 47.850.000 $m^3$ вода. Акумулацијата опфаќа површина од 180 ha, а е со максимална длабочина од 54 m.

Акумулацијата Турија се наоѓа во сливот на реката Турија, 4 km возводно од селото Добрашинци и 16 km северно од градот Струмица. Изградена е во периодот од 1968 - 1971 година, а пуштена е во експлоатација во 1973 година. Наменета е за водоснабдување на градот Струмица и индустријата и наводнување на дел од Струмичкото Поле со површина од 10.050 ha.

Реката Турија е најголемата притока на реката Струмица. Во горниот дел се формира од два крака- Широки Дол кој извира на Плачковица на надморска височина од 1.065 m и тече кон југоисток и Безгаќева Река која извира на иста надморска височина на планината Огражден и тече кон северозапад. Тие се спојуваат меѓу Грамадиќ и Малинска Планина и оттука настанува реката Турија, која тече кон југ и во средниот тек е позната под името Нивичанска Река. На овој потег е изградена вештачката акумулација Турија. Во Река Струмица се влива кај село Босилово на кота од 215 m. Долга е 44,7 km, зафаќа сливна површина од 263 $km^2$ и има релативен пад од 19 ‰.

### 1.2.1. Риболовна зона

На риболовното подрачје „Турија“ не се определува риболовна зона.

### 1.2.2. Рекреативна зона (ревир)

Во риболовното подрачје „Турија“ се определува рекреативната зона „Турија“ која ја опфаќа водната површина на акумулацијата Турија.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во риболовното подрачје „Турија“ ја сочинуваат осум видови риби претавници на четири фамилии. Видовите риби се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

**Табела 1 . Видови риби во риболовното подрачје „Турија“**

| Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| CYPRINIDAE | | |
| *Barbus macedonicus* (Karaman, 1928) | *Barbus barbus* | бела мрена |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Rutilus rutilus* (Linnaeus, 1858) | *Rutilus rutilus* | црвеноперка |
| *Squalius orpheus* Kottelat & Economidis 2006 | *Leuciscus cephalus* | клен |
| SILURIDAE | | |
| *Silurus glanis* (Linnaeus, 1758) | *Silurus glanis* | сом |
| CENTRARHIDAE | | |
| *Lepomis gibbosus* (Linnaeus, 1758) | *Lepomis gibbosus* | сончаница |
| PERCIDAE | | |
| *Perca fluviatilis* (Linnaeus, 1758) | *Perca fluviatilis* | костреш, перкија |

### 2.2. Останати поважни видови водни животни

Во риболовното подрачје „Турија“ се среќаваат, жаби, водни желки и водни змии кои немаат особено значење за риболовот.

### 2.3. Проценета ихтиомаса

Имајќи предвид дека рибите од риболовното подрачје „Турија“ не се доделуваат на користење за вршење комерцијален риболов, не е потребна проценка на ихтиомсата. Рибите се значајни само од аспект на рекреативен риболов.

## 3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Дозволениот дневен улов по видови риби, за рекреативните зони на риболовото подрачје „Турија“ е претставен во Табелата 2 од оваа риболовна основа.

**Табела 2. Дозволен дневен улов по видови на риби на риболовото подрачје „Турија“**

| Вид на риба | Количини на дозволен улов |
|---|---|
| крап | една единка |
| сом | една единка |
| бела мрена | до три единки |
| клен | до десет единки |
| костреш | до десет единки |
| црвеноперка | до 15 единки |

Дозволена количина на дневен улов е до 3 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

За видовите „сребрен карас“ и „сончаница“ нема никакво ограничување и може да се ловат во сите должини и во неограничени количини.

По исклучок за единка на крап или сом кој е над 3 kg, дозволен е улов на една единка крап или една еднинка сом без оглед на нивната големина.

## 4. ПЕРИОД ЗА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табелата 3 од оваа риболовна основа.

**Табела 3. Преглед на периодот на мрест на позначајните видови риби на риболовото подрачје „Турија“**

| Вид на риба | Период на мрестење |
|---|---|
| костреш | мрест во IV и V месец |
| сом | мрест во IV, V и VI месец |
| клен | порционен мрест во V и VI |
| црвенперка | мрест во V и VI месец |
| крап | мрест во IV, V и VI месец |
| бела мрена | мрест во V и VI месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Турија“се врши со подмладок од крап.

Порибувањето со подмладок од крап се врши во количина од најмалку 250 kg со големина од 500 – 1.500 g, должина над 30 cm и најмалку од 170 до 500 единки.

Покрај задолжителното порибување со предвидените видови риби, може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

### 5.2. Период за порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Турија“ може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

## 6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ

Физичката заштита на рибите од рекреативната зона „Турија" се врши со вработени лица – рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку еден рибочувар.

## 7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ

На риболовното подрачје „Турија" нема прогласено заштитено подрачје на кое е забранет риболов.

## 8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ

На риболовното подрачје „Турија" не се предвидуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

## 9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона „Турија" изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

**10.** Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 33-2244/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**813.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# РИБОЛОВНА ОСНОВА
# ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „ВОДОЧА“

## 1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ

### 1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Водоча“




Слика 1. Географска карта на риболовното подрачје „Водоча“

### 1.2. Основни податоци за риболовното подрачје

Риболовното подрачје „Водоча“ ја опфаќа водната површина на акумулацијата „Водоча“.

На реката Водочница кај село Попчево во 1966 година е изградена вештачката акумулација Водоча. Акумулацијата Водоча се наоѓа во сливот на реката Водоча, 4.5 km возводно од селото Водоча и 14 km западно

од градот Струмица. Градена е во периодот од 1962 - 1965 година, а со користењето на водата за наводнување е започнато во 1966 година. До 1978 година била користена за водоснабдување на градот Струмица. Наменета е за наводнување на дел од Струмичкото поле со површина од 3100 ha и како резерва за водоснабдување на градот Струмица. За наводнување се користи доводен тунел за наводнување, со проток од 2.20 $m^3$/sec. Максимална кота на акумулацијата е на 405 m надморска височина со вкупен волумен од 27.000.000 $m^3$ вода и корисен волумен на акумулацијата од 26.000.000 $m^3$ вода. Акумулацијата опфаќа површина од 190 ha со максимална длабочина од 42 m.

### 1.2.1. Риболовна зона

На риболовното подрачје „Водоча“ не се определува риболовна зона.

### 1.2.2. Рекреативна зона (ревир)

Во риболовното подрачје „Водоча“ се определува рекреативната зона „Водоча“ која ја опфаќа водната површина на акумулацијата „Водоча“.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во риболовното подрачје „Водоча“ ја сочинуваат 11 видови риби претавници на пет фамилии. Видовите риби се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

**Табела 1 . Видови риби во риболовното подрачје „Водоча“**

| Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| CYPRINIDAE | | |
| *Alburnus sp.* | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Barbus barbus* (Linnaeus 1758) | *Barbus barbus* | бела мрена |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Rutilus rutilus* (Linnaeus, 1858) | *Rutilus rutilus* | црвеноперка |
| *Squalius orpheu* Kottelat & Economidis 2006 | *Leuciscus cephalus* | клен |
| *Tinca tinca* (Linnaeus, 1758) | *Tinca tinca* | лињак |
| SILURIDAE | | |
| *Silurus glanis* (Linnaeus, 1758) | *Silurus glanis* | сом |
| CENTRARHIDAE | | |
| *Lepomis gibbosus* (Linnaeus, 1758) | *Lepomis gibbosus* | сончаница |
| AMEIURIDAE | | |
| *Ameiurus nebulosus* (Leseur, 1819) | *Ameiurus nebulosus* | американско сомче |
| PERCIDAE | | |
| *Perca fluviatilis* (Linnaeus, 1758) | *Perca fluviatilis* | костреш, перкија |

### 2.2. Останати поважни видови водни животни

Во риболовното подрачје „Водоча“ се среќаваат, жаби, водни желки и водни змии кои немаат особено значење за риболовот.

### 2.3. Проценета ихтиомаса

Имајќи предвид дека рибите од риболовното подрачје „Водоча“ не се доделуваат на користење за вршење комерцијален риболов, не е потребна проценка на ихтиомсата. Рибите се значајни само од аспект на рекреативен риболов.

## 3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Дозволениот дневен улов по видови риби, за рекреативните зони на риболовото подрачје „Водоча“ е претставен во Табелата 2 од оваа риболовна основа.

**Табела 2. Дозволен дневен улов по видови риби на риболовото подрачје „Водоча“**

| Вид на риба | Количини на дозволен улов |
|---|---|
| крап | една единка |
| сом | една единка |
| црвенперка | до 20 единки |
| бела мрена | до три единки |
| клен | до десет единки |
| костреш, перкија | до 20 единки |
| лињак | една единка |

Дозволена количина на дневен улов е до 3 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

За видовите „сребрен карас“ и „американско сомче“ нема никакво ограничување и може да се ловат во сите должини и во неограничени количини.

По исклучок за единка на крап или сом кој е над 3 kg, дозволен е улов на една единка крап или една единка сом без оглед на нивната големина.

## 4. ПЕРИОД НА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табелата 3 од оваа риболовна основа .

**Табела 3. Преглед на периодот на мрест на позначајните видови риби**

| Вид на риба | Период на мрестење |
|---|---|
| костреш | мрест во IV и V месец |
| сом | мрест во IV, V и VI месец |
| клен | порционен мрест во V и VI |
| крап | мрест во IV, V и VI месец |
| црвенперка | мрест во V и VI месец |
| плашица | мрест во V и VI месец |
| бела мрена | мрест во V и VI месец |
| лињак | мрест во V, VI и VII месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Водоча“ во се врши со подмладок од од крап.

Порибувањето со подмладок од крап се врши во количина од најмалку 150 kg со тежина од 500 – 1.500 g, должина над 30 cm и најмалку од 100 до 300 единки.

Покрај задолжителното порибување со предвидените видови риби, може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

### 5.2. Период за порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Водоча“ може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

**6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ**

Физичката заштита на рибите од рекреативната зона „Водоча" се врши со вработени лица – рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку еден рибочувар.

**7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ**

На риболовното подрачје „Водоча" нема прогласено заштитено подрачје на кое е забранет риболов.

**8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ**

На риболовното подрачје „Водоча" не се предвидуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

**9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона „Водоча" изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

**10.** Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 33-2245/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**814.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## РИБОЛОВНА ОСНОВА ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „НАЦИОНАЛЕН ПАРК МАВРОВО“

### 1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНО ПОДРАЧЈЕ

#### 1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Национален парк Маврово“




Слика 1. Географска карта на риболовното подрачје „Национален парк Маврово“

**1.2. Основни податоци за риболовното подрачје**

Риболовното подрачје „Маврово“ ги опфаќа водите на акумулацијата Мавровско Езеро и притоките кои се влеваат во акумулацијата, делот на течението на реката Радика со притоките и сите водотеци кои припаѓаат на територијата на Националниот парк Маврово.

Акумулацијата Мавровско Езеро е создадена со акумулирање на водите на Мавровска Река, Ниќифоровска Река и Леуновска Река, како и дел од горниот тек на реката Радика и Беличка Река.

Акумулацијата се наоѓа на 1.230 m надморска височина, а е обрабено со планините Бистра и Шар Планина. Акумулацијата е сместена на некогашното Мавровско Поле со површина од 1.320 ha на кота од 1.202 m надморска висина и максимална кота од 1.233 m надморска висина со можност за акумулирање на корисен волумен од 274.800.000 $m^3$ вода. Полнењето на акумулацијата започна со првата етапа во далечната 1952 година, а експлоатацијата 1957 година. Акумулацијата зафаќа површина од 1.370 ha при кота од 1.233 m надморска висина со должина на брегот од 24.7 km. Максималната длабочина на акумулацијата изнесува 50 m, а просечната длабочина 26 m. Просечен доток во акумулацијата изнесува 8.676 $m^3/s$, а просечниот годишниот доток изнесува 320.000.000 $m^3$ вода. Минималната работна кота на акумулацијата е 1.207 m надморска висина со запремина од 83.000.000 $m^3$ вода, која всушност претставува мртва вода и максимална кота од 1.233 m надморска висина и вкупна запремина од 357. 000.000 $m^3$ вода. Должината на акумулацијата од крајната северна точка во заливот Масакица на месноста Влајница (кај Бунец) до крајната јужна точка кај црквата во село Маврово изнесува 10.5 km, а должината од Влезна градба до село Маврово изнесува 7.5 km. Најголемата широчина на акумулацијата од село Леуново до потопениот пат на западниот брег изнесува 3 km, а од месноста Црн Камен па до западниот брег изнесува 1.250 m. По целата должина на акумулацијата брегот благо е наведнат, само во непосредната близина на акумулацијата е стрм, некаде дури вертикален. Бреговите на акумулацијата се мошне пристапни. Акумулацијата има четири мали заливи и еден ракавец. Температурата на водата има значителни сезонски и височински промени. Средната месечна температура на водата во месеците јули и август изнесува околу 20ºC. Прозирноста на водата варира од 1.200 cm до 5.500 cm. Водата во акумулацијата главно има зеленикава боја, која делумно се нијансира од рефлексиите на околината. Распоредот на кислородот во водата покажува разлики во однос на сезоната и длабочината. Во зимскиот период количеството на кислород е еднакво во сите слоеви на водата од површината до дното, додека за време на летната термичка трансформација почнува да опаѓа од површината кон дното.

Покрај електростопанското значење, акумулацијата Мавровско Езеро има водостопанско значење за наводнување на земјоделските површини во Горни Полог по излезот од Вруточката хидроцентрала. Значајна карактеристика се осцилациите на нивото на водата во текот на годината, поради повеќенаменското искористување на водата. Самите осцилации доведуваат до промена на климатските услови при што живиот свет во акумулацијата во текот на годината е приморан да се привикнува на ваквиот режим на живеење. Карактеристично за оваа акумулација е што во текот на зимските месеци (особено во месец јануари) целосно може да замрзне.

Реката Радика е десна притока на нреката Црн Дрим. Изворот на реката Радика се наоѓа на северозападната страна на Шар Планина на 2.260 m надморска висина, а вливот во реката Црн Дрим се наоѓа на 487 m надморска висина кај поранешниот Шпилски Мост – во акумулацијата Дебарско Езеро, кај село Косоврасти. Вкупната должина на водотекот изнесува 64.7 km со просечна ширина од 5-6 m, вкупна продуктивна површина од 50-60 ha, додека вкупната должна на речните текови (со притоките) 98 km. Сливот на реката Радика зафаќа 87,9 $km^2$. Средната гогодишна температура на водата е 9ºC, а во сливот на реката паѓа по 1.305 mm атмосферски талог годишно.

Убав поток е десна притока на на реката Радика. Изворот на Убав Поток се наоѓа на источната страна на планината Кораб на 2.160 m надморска висина. Убав Поток има вкупна должина од 6,7 km, а сливот а оваа река зафаќа површина од 17,99 $km^2$.

Изворишната област на Штировичка Река која е десна притока на реката Радика се наоѓа помеѓу врвовите Црна Чука и Котата на 2.249 m надморска висина на источната страна на планината Кораб вдолж границата со Република Албанија. Вкупната должина на водотекот изнесува 9,5 km, со површина на сливот оод 26,8 $km^2$.

Рибничка Река е најголема десна притока на реката Радика, чија изворишна област се наоѓа под планинскиот срт на планината Кораб, источно од превалот Шкртец на надморска височина од 1.920 m. Вкупната должина на оваа река изнесува 12,7 km, а сливот зафаќа површина од 96,12 $km^2$. Притоки на Рибничка Река се Грекајска Река и Длабока Река од левата и Завојска Река и Бачилска Река од десната страна.

Река Жировница е десна притока на реката Радика. Изворот на оваа река се наоѓа на 2.100 m надморска висина. Сливот на река Жировница зафаќа поврина од 33,06 $km^2$.

Река Видушница е исто така десна притока на реката Радика чие извориште се наоѓа под сртот на планината Дешат, на надморска висина од 2.020 m. Вкупната должина на водотекот изнесува околу 7 km, а сливот зафаќа површина од 13,32 $km^2$.

Извориштето на Требишка река се наоѓа под врвот Веливар на планинскиот масив Дешат на надморска височина над 2.000 m. После кратко протекување се влива во главниот водотек на реката Лопушник.

Ростушка Река е десна притока на реката Радика која се формира од два помали водотеци Голема и Мала Река. Изворот на Голема Река е на 1.540 m надморска висина под планинскиот срт Крчин. Сливот на Ростушка Река зафаќа површина од 9,9 $km^2$.

Аџина Река е лева притока на реката Радика, чиј извор е на 2.000 m надморска висина на југозападниот дел на Шар Планина. Вкупната должина на водотекот изнесува 8 km, а вкупната должина на сите водотеци во сливот на оваа река изнесува 34,9 km, со површина на сливот од 36,1 $km^2$.

Изворишниот дел на Бродечка Река се наоѓа на југозападниот дел на Шар Планина, на 1.940 m надморска висина. Вкупната должина на водотекот изнесува околу 5 km, со површина на сливот од 14,38 $km^2$.

Изворишниот дел на Богдевска Река се наоѓа на југозападниот дел на Шар Планина, на 2.080 m надморска висина. Вкупната должина на водотекот изнесува околу 8 km, со површина на сливот од 23,95 $km^2$.

Изворишната област на Галичка Река се наоѓа помеѓу врвот Меденица на планината Бистра, превалот Фрчец и врвот Русин, на 1.600 m надморска висина. Вкупната должина на главниот водотек изнесува 9 km, а вкупната должина на сите водотеци во сливот изнесува 14,4 km со површина на сливот од 23,43 $km^2$.

Мала Река е најголема лева притока на реката Радика. Се формира од Тресонечка Река и Јадовска Река кои се спојуваат под селото Тресонче на 966 m надморска висина. Низводно, од десна страна ги прима водите од Гарска Река и реките Ѕвончица и Белешница. Како извориште се смета извориштето на Јадовска Река која извира во средишниот дел на планината Бистра.

Изворишниот дел на Мавровска Река која се влева воо акумулацијата Мавровско Езеро се наоѓа на северниот дел на планината Бистра, на 1.880 m надморска висина. Вкупната должина на водотекот изнесува 19,9 km, а вкупната должина на сите водотеци во сливот изнесува 148,6 km со површина 148,25 $km^2$.

Леуновска река ја сочинуваат два помали водотека од кои едниот е со изворишен дел на надморска височина од 1.863 m од локалитетот Голем Кршој, а другиот водотек извира од локалитетот под м.в. Арамиски Камен на надморска височина 1.854 m, кој протекува преку Кршој Дол. Двата водотека се спојуваат кај локалитетот Мали Кршој и ја формираат Леуновска Река која се влева во акумулацијата Мавровско Езеро.

Нићифоровска река се формира во селото Нићифорово  и тоа од Петилепска Река која извира на надморска височина 1.673 m и од Ѓинова Река која извира под врвот Сандакташ на Нићифорска планина на масивот Бистра на надморска височина 1.922 m. Ничифоровска река исто така се влева во акумулацијата Мавровско Езеро.

**1.2.1. Риболовна зона**

На риболовното подрачје „Маврово“ не се определува риболовна зона.

**1.2.1. Рекреативна зона (ревир)**

На риболовното подрачје „Маврово“ се определуваат две рекреативни зони и тоа:

- рекреативна зона „Мавровско Езеро”, која ја опфаќа водната површина на акумулацијата Мавровско Езеро и притоките кои се влеваат во акумулацијата и
- рекреативна зона „Радика“ која ја опфаќа реката Радика со притоките и сите водотеци кои припаѓаат на територијата на Националниот парк Маврово од изворот до вливот на Гарска река во реката Радика (место викано Бошков мост), освен Аџина река и Длабока река.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

**2.1. Видови риби**

Рибната популација во риболовното подрачје „Национален парк Маврово“ ја сочинуваат 13 видови риби, претставници на две фамилии.

Рибната популација во рекреативната зона „Мавровско Езеро“ ја сочинуваат десет видови риби, претставници на две фамилии кои се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

| Табела 1. Видови риби во водите на рекреативната зона „Мавровско Езеро“ | | |
|---|---|---|
| **Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007)** | **Латински синоними** | **Народно име** |
| **SALMONIDAE** | | |
| *Salmo farioides (*Karaman, 1938) | *Salmo trutta fario* | радичка пастрмка |
| *Salmo letnica* (Karaman, 1924) | *Salmo letnica typicus* | охридска пастрмка |
| *Oncorhynchus mykiss* (Walbaum, 1927) | *Salmo gairdneri; Salmo irideus* | виножитна пастрмка, калифорниска пастрмка |
| **CYPRINIDAE** | | |
| *Alburnus sp.* | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Pachychilon pictum* (Heckel & Kner 1858) | *Pachychilon pictum* | моранец |
| *Pseudorasbora parva* (Temmencj & Schlegel, 1846) | *Pseudorasbora parva* | амурче, чебачок |
| *Squalius squalius* (Bonaparte, 1837) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| *Vimba melanops* (Heckel, 1837) | *Vimba vimba* | попадика, еѓупка |

Рибната популација во рекреативната зона „Радика“ ја сочинуваат осум видови риби, претставници на две фамилии кои се претставени во Табелата 2 од оваа риболовна основа.

| Табела 2. Видови риби во водите на рекреативната зона „Радика“ | | |
|---|---|---|
| **Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007)** | **Латински синоними** | **Народно име** |
| **SALMONIDAE** | | |
| *Salmo farioides (*Karaman, 1938) | *Salmo trutta fario* | радичка пастрмка |
| *Salmo letnica* (Karaman, 1924) | *Salmo letnica typicus* | охридска пастрмка |
| *Salmo marmoratus* (Cuvier, 1829) | *Salmo marmoratus* | главатица |
| **CYPRINIDAE** | | |
| *Alburnus scoranza* (Heckel & Kner 1858) | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Barbus rebeli* (Koller, 1925) | *Barbus meridionalis* | црна мрена |
| *Chondrostoma ohridanus* (Karaman 1924) | *Chondrostoma nasus* | скобуст, бојник |
| *Gobio ohridanus* (Karaman, 1924) | *Gobio gobio* (Linnaeus, 1758) | кркушка, охридски мренец, дујак |
| *Squalius squalius* (Bonaparte, 1837) | *Leuciscus cephalus* | клен |

**2.2. Останати поважни видови риби**

Во водите на риболовното подрачје „Национален парк Маврово“ се среќаваат и ракови, жаби, змии и водни желки.

**2.3. Проценета ихтиомаса**

Имајќи предвид дека рибите од риболовното подрачје „Национален парк Маврово“ не се доделуваат на користење за вршење комерцијален риболов, нема проценка на ихтиомсата. Рибите се значајни само од аспект на рекреативен риболов.

## 3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Дозволениот дневен улов по видови риби, за риболовното подрачје „Маврово“, е претставен во табела 3 од оваа риболовна основа.

**Табела 3. Дозволен дневен улов по видови на риби на риболовното подрачје „Национален парк Маврово“**

| Вид на риба | Дозволен дневен улов |
|---|---|
| пастрмка | до две единки |
| крап | до една единка |
| клен | до десет единки |
| скобуст | до 12 единки |
| попадика | до 15 единки |

Дозволена количина на дневен улов е до 3 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

По исклучок за единка на крап кој е над 3 kg, дозволен е улов на една единка без оглед на неговата големина.

Количините на дозволен дневен улов по видови риби, на атрактивните рекреативни зони го определува корисникот согласно точката 10 од оваа риболовна основа.

## 4. ПЕРИОД ЗА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табела 4 од оваа риболовна сонова.

**Табела 4. Преглед на периодот на мрест на позначајните видови риби во риболовното посрачје „Национален парк Маврово“**

| Вид на риба | Период на мрестење |
|---|---|
| охридска пастрмка | од почеток на XI месец во тековната до крајот на I месец наредната година |
| радичка пастрмка | мрест во X, XI , XII и I месец |
| крап | мрест во V, VI и VII месец |
| клен | порционен мрест во V и VI |
| плашица | мрест во VI и VII месец |
| скобуст | мрест во IV и V месец |
| попадика | мрест во V и VI месец |
| моранец | мрест во V и VI месец |
| црна мрена | мрест во V, VI и VII месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Порибувањето на риболовното подрачје „Национален парк Маврово“ се врши со подмладок од пастрмка и подмладок од крап.

Порибувањето на рекреативната зона „Мавровско Езеро“ се врши со подмладок од радичка пастрмка и/или охридска пастрмка со количина од најмалку 40 kg со големина од 10 – 70 g, должина од 5-15 cm и најмалку од 600 до 4.000 единки и со подмладок од крап во количина од најмалку 200 kg со големина од 50 – 800 g, должина од 5-30 cm и најмалку од 250 до 4.000 единки.

Покрај задолжителното порибување со предвидените видови риби, на рекреативната зона „Мавровско Езеро“ може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

Порибувањето на рекреативната зона „Радика“ се врши со подмладок од радичка пастрмка и/или охридска пастрмка со количина од најмалку 40 kg со големина од 10 – 70 g, должина од 5-15 cm и најмалку од 600 до 4.000 единки.

Порибувањето на атрактивната зона (ревир) „Луково поле“ се врши со подмладок од радичка пастрмка и/или охридска пастрмка со количина од најмалку 50 kg, со големина од најмалку 70 g, должина од најмалку 15 cm и со најмалку 600 единки.

Порибувањето на атрактивната зона (ревир) „Мрестилиште“ се врши со подмладок од радичка пастрмка и/или охридска пастрмка со количина од најмалку 50 kg, со големина од најмалку 70 g, должина од најмалку 15 cm и со најмалку 600 единки.

**5.2. Период на порибување**

Порибувањето на рекреативните зони во риболовното подрачје „Национален парк Маврово“ може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

## 6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ

Физичката заштита на рибите од риболовното подрачје „Национален парк Маврово” се врши со вработени лица – рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку пет рибочувари.

Заштитата во рекреативната зона „Мавровско Езеро“ се врши со најмалку еден рибочувар.

Заштитата на рекреативната зона „Радика“ се врши со најмалку четири рибочувари од кои по еден е задолжен за заштита на атрактивните зони од точка 8 од оваа риболовна основа.

## 7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ

На риболовното подрачје „Маврово“ прогласени заштитени подрачја на кое е забрането вршење риболов се Аџина река и Длабока Река кои според зонирањето се во зона на строга заштита.

## 8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ

Делот на рекреативната зона „Радика“ која го опфаќа течението на реката Радика од границата со Република Косово до водозафатот на овој водотек кај каптажата на Хидросистемот ХЕС Маврово на локалитетот Црн Камен се определува како атрактивна зона „Луково поле“.

Делот на рекреативната зона „Радика“ која го опфаќа течението на реката Радика од границата од местото викано Криви мост до вливот на Рибничка Река во реката Радика се определува како атрактивна зона „Мрестилиште“.

## 9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од риболовното подрачје „Национален парк Маврово“ изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

**10.** ДРУГИ ПОТРЕБНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ

Корисникот на рибите во утврдените атрактивните рекреативни зони од дел 8 на оваа риболовна основа согласно потребите може самостојно да го организира рекреативниот риболов на атрактивната зона во согласност со дозволените риболовни денови, периодот на забрани, дополнителното порибување и дополнителната заштита, како и количината на дозволен улов по видови риби утврдени во оваа риболовна основа.

Атрактивните рекреативни зони и заштитените подрачја треба да се обележани со табли со димензии 70 x 70 cm на кои се неведени и означени границите на истите.

Во рекреативната зона „Мавровско Езеро“, на акумулацијата Мавровско Езеро рекреативен риболов се организира риболов од брег и од пловен објект. Рекреативен риболов од брег се организира на целата брегова линија на Мавровското Езеро, освен на браната на акумулацијата, а од пловен објект на целата водна површина на акумулацијата.

**11.** Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 33-2246/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**815.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**РИБОЛОВНА ОСНОВА**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „КОЗЈАК“**

**1. ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНАТА ВОДА**

**1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНО ПОДРАЧЈЕ**

**1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Козјак“**



Слика 1. Сателитски приказ на риболовното подрачје „Козјак“

### 1.2. Основни податоци за риболовното подрачје

Риболовното подрачје „Козјак“ ја опфаќа водната површина на акумулацијата Козјак од вливот на Тажевска река во реката Треска.

Акумулацијата Козјак се полни со водите на реката Треска со притоките. Конструктивната висина на браната на акумулацијата Козјак е 126,1 m. Надморската висина на браната е 469.9 m, а максималната надморска висина на водното огледало е 452,7 m. Вкупниот бруто волумен на акумулацијата изнесува 550. 000.000 $m^3$ вода, а има корисен волумен од 260.000.000 $m^3$ кога се наоѓа на надморска височина од 471 m.

Браната е камено-земјена со глинено јадро и со височина од 114 m е највисока во Република Северна Македонија. Нејзината изградба е завршена во 2004 година, 16,5 km возводно од акумулацијата Матка со прибранска хидроцентрала со два агрегата. Изградена е на тесно место со волумен на телото од 3.340.000 $m^3$. Наменета за ретензија на поплавни води, производство на електрична енергија и водоснабдување во иднина.

#### 1.2.1. Риболовна зона

На риболовното подрачје „Козјак“ не се определува риболовна зона.

#### 1.2.2. Рекреативна зона (ревир)

Во риболовното подрачје „Козјак“ за организирање рекреативен риболов се определува рекреативна зона (ревир) „Козјак – Поречко Езеро“ која ја опфаќа водната површина на акумулацијата Козјак од вливот на Тажевска река во реката Треска до браната освен заливите Коломонт и Пеколник.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во риболовното подрачје „Козјак“ ја сочинуваат 22 видови риби претставници на седум фамилии. Видовите риби се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

**Табела 1 . Видови риби во риболовното подрачје „Козјак“**

| Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| | **SALMONIDAE** | |
| *Salmo macedonicus* (Karaman, 1924) | *Salmo trutta; Trutta macedonica* | македонска пастрмка |
| *Oncorhynchus mykiss* (Walbaum, 1927) | *Salmo gairdneri; Salmo irideus* | виножитна пастрмка, калифорниска пастрмка |
| | **CYPRINIDAE** | |
| *Alburnoides bipunctatus* (Bloch, 1782) | *Alburnoides bipunctatus* | вардарка, гомнушка |
| *Alburnus sp.* | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Barbus balcanicus* (Kotlik, Tsigenopoulos, Rab & Berrebi, 2002) | *Barbus meridionalis; Barbus peloponnesius; Barbus petenyi* | црна мрена балканска мрена |
| *Barbus macedonicus* (Karaman, 1928) | *Barbus barbus* | бела мрена |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Chondrostoma vardarense* (Karaman, 1928) | *Chondrostoma nasus* | скобуст, бојник |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Gobio bulgaricus* (Drensky, 1926) | *Gobio gobio* (Linnaeus, 1758) | кркушка |
| *Phoxinus phoxinus* (Linnaeus, 1758) | *Phoxinus phoxinus* | пиор |
| *Pseudorasbora parva* (Temmencj & Schlegel, 1846) | *Pseudorasbora parva* | амурче, чебачок |
| *Romanogobio elimeius* (Kattoulas, Stephanidis & Economidis, 1973) | *Gobio kessleri; Gobio urenoscopus* | тенкоопашеста кркушка |
| *Rutilus rutilus* (Linnaeus, 1858) | *Rutilus rutilus* | црвеноперка |
| *Squalius vardarensis* (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| *Vimba melanops* (Heckel, 1837) | *Vimba vimba* | попадика, еѓупка |
| | **ANGUILLIDAE** | |
| *Anguilla anguilla* (Linnaeus, 1758) | *Anguilla anguilla* | јагула |
| | **SILURIDAE** | |
| *Silurus glanis* (Linnaeus, 1758) | *Silurus glanis* | сом |
| | **NEMACHEILIDAE** | |
| *Barbatula barbatula* (Linnaeus, 1758) | *Nemacheilus barbatulus; Cobitis barbatula;* | вретенушка |
| | **COBITIDAE** | |
| *Cobitis vardarensis* (Karaman, 1928) | *Cobitus taenia* | штипалка |
| *Sabanejewia balcanica* (Karaman, 1922) | *Cobitis aurata* | златна штипалка |
| | **ESOCIDAE** | |
| *Esox lucius* (Linnaeus 1758) | *Esox lucius* | штука |

**2.2. Други водни организми**

Во водите на риболовното подрачје „Козјак“ се среќаваат, жаби, водни желки и водни змии.

**2.3. Проценета ихтиомаса**

Имајќи предвид дека рибите од риболовното подрачје „Козјак“ не се доделуваат на користење за вршење комерцијален риболов, не е потребна проценка на ихтиомсата. Рибите се значајни само од аспект на рекреативен риболов.

**3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ**

Дозволениот дневен улов по видови риби за рекреативната зона „Козјак – Поречко Езеро“ е претставен во Табела 2 од оваа риболовна основа.

**Табела 2. Дозволен дневен улов по видови риби во риболовната зона „Козјак – Поречко Езеро“**

| **Вид на риба** | **дозволен дневен улов** |
|---|---|
| македонска пастрмка | до три единки |
| крап | до две единки |
| клен | до 15 единки |
| скобуст | до 20 единки |
| бела мрена | до пет единки |
| попадика | до 25 единки |
| јагула | една единка |
| сом | една единка |
| штука | до пет единки |

Дозволена количина на дневен улов е до 5 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 5 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

По исклучок, за единка на крап или сом која е над 5 kg дозволен е улов на една единка крап или една единка сом без оглед на нивната големина.

За видовите „сребрен карас“ и „виножитна пастрмка, калифорниска пастрмка“ нема никакво ограничување и може да се ловат во сите должини и во неограничени количини.

**4. ПЕРИОД ЗА ПРИРОДЕН МРЕСТ**

Определувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табелата 3 од оваа риболовна основа.

**Табела 3. Преглед на периодот на мрест на позначајните видови риби во риболовната зона „Козјак – Поречко Езеро“**

| **Вид на риба** | **Период на мрестење** |
|---|---|
| македонска пастрмка | од почеток на X месец во тековната година до крајот на I месец наредната година |
| скобуст | во IV и V месец |
| сом | во IV, V и VI месец |
| клен | во V и VI месец |
| попадика | во V и VI месец |
| крвенперка | во V и VI месец |
| крап | во V и VI месец |
| бела мрена | во V и VI месец |
| црна мрена | во V и VI месец |

**5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ**

**5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување**

Порибувањето на рекреативната зона „ Козјак – Поречко Езеро “ се врши секоја година со подмладок од пастрмка и подмладок од крап.

Порибувањето со подмладок македонска пастрмка се врши со количина од најмалку 100 kg со големина од 10 – 70 g, должина од 5-15 cm и најмалку од 1.400 до 10.000 единки.

Порибувањето со подмладок од крап во количина од најмалку 250 kg со големина од 50 – 800 g, должина од 5-30 cm и најмалку од 300 до 5.000 единки.

Покрај задолжителното порибување со предвидените видови риби, може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

**5.2. Период на порибување**

Порибувањето на рекреативната зона „Козјак – Поречко Езеро" може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

**6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ**

Физичката заштита на рибите од рекреативната зона „Козјак – Поречко Езеро" се врши со вработени лица – рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку двајца рибочувари.

**7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ**

На риболовното подрачје „Козјак" заливите Коломонт и Пеколник кои припаѓаат на територијата на заштитеното повеќенаменско подрачје „Јасен" се заштитени подрачја на кои е забранет риболов.

**8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ**

На риболовното подрачје „Козјак" не се предвидуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

**9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона „Козјак – Поречко Езеро" изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

10. Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 33-2247/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**816.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## РИБОЛОВНА ОСНОВА
## ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „СТРУМИЦА“

### 1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНО ПОДРАЧЈЕ

#### 1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Струмица“




Слика 1. Географска карта на риболовното подрачје Струмица

#### 1.2. Основни податоци за риболовното подрачје

Риболовното подрачје „Струмица“ го опфаќа течението на реките: Струмица, Плавија, Турија, Водочница (Бела Река, Водоча), Тркајна, Лебница, Радовишка Река, Ораовичка Река (Стара Река), Циронска Река, водната површина на Моноспитовското Блато, како и водните површини на акумулациите Иловица, Дрвошка, Новоселска и Маркова Брана.

Сливот на реката Струмица го зафаќа крајниот југоисточен дел од Република Северна Македонија и се протега во правец северозапад - југоисток. Изворот го сочинуваат повеќе водотеци што се формират и спуштаат од највисоките делови на планината Плачковица. Сепак, како извориште се смета изворот на Радовишка Река кој е на надморска височина од 1.540 m. Во Радовишко Поле, Радовишка Река се спојува со Ораовичка Река, од каде до влезот во Струмичко Поле го носи името Стара Река. Поминувајќи ја кратката клисура меѓу Радовишката и Струмичката Котлина влегува во Струмичката Котлина во која го носи името Струмица. Текот на реката Струмица низ Струмичката Котлина, во која прима голем број на поројни водотеци кои депонираат огромен нанос во речното корито, порано бил доста отежнат и коритото било плитко, а изливањето на водата од него честа појава. Како последица на ова се формирале постојани мочуришта во близина на речниот тек меѓу кои најголемо било Моноспитовското Блато. Со извршените мелиорации по Втората светска војна, овој процес е запрен. Под Ново Село реката Струмица излегува од Струмичкото Поле и тече низ Кључката Клисура формирана помеѓу планините Огражден на север и Беласица на југ, каде што ја поминува границата со Република Бугарија на кота од 186 m и се влева во реката Струма.

Во Република Северна Македонија реката Струмица има должина од 75,1 km и дренира сливна површина од 1.520 $km^2$. Има вкупен пад 1.354 m, односно релативен пад од 18 ‰. Средниот проток на реката Струмица кај Ново Село изнесува 6,16 $m^3/s$, средните минимални води 1,16 $m^3/s$, а средните максимални води 14,50 $m^3/s$. Најголемиот проток се јавува при крајот на зимата и во почетокот на пролетта, односно во месеците февруари, март и април. Така во февруари средните големи води изнесуваат 60,50 $m^3/s$. Најмалите протоци се во месеците август и септември со минимум на средни води во август, кога овде протечуваат само 0,05 $m^3/s$.

Во својот тек реката Струмица прима четири поголеми притоки, три од левата и една од десната страна. Леви притоки на реката Струмица се Ораовичка Река, реката Плавија и реката Турија, а десна притока е само реката Водочница.

*Леви притоки на реката Струмица*

Изворишттето на Ораовичка Река е во месноста Џамија на планината Плачковица на височина од 1.380 m, а утоката во Радовишка Река е на височина од 318 m. Долга е 18 km, зафаќа сливна површина од 51 $km^2$ и има просечен пад од 59 ‰. Тече во правец од север кон југ и има нагласен пороен карактер.

Река Плавија извира од највисоките делови на планината Плачковица под врвот Асанли на надморска височина од 1.432 m, а во реката Струмица (Стара Река) се влива под село Подареш на кота од 300 m. Долга е 26,7 km, зафаќа сливна површина од 140 $km^2$ и има просечен релативен пад од 42,4 ‰. Во горниот тек го носи името Смиљанска Река, а нејзина главна притока е реката Сирава.

Река Турија е најголемата притока на реката Струмица. Во горниот дел се формира од два водотека Широки Дол којшто извира на планината Плачковица на надморска височина од 1.065 m и тече кон југоисток и Безгаќева Река којашто извира на иста надморска височина на планината Огражден и тече кон северозапад. Тие се спојуваат меѓу Грамадиќ и Малинска Планина и оттука настанува реката Турија, која тече кон југ и во средниот тек е позната под името Нивичанска Река. На овој потег во 1972 година е изградена вештачкото езеро - акумулација Турија со зафатнина од 48.000.000 $m^3$ вода. Во реката Струмица се влива кај село Босилово на кота од 215 m. Долга е 44,7 km, зафаќа сливна површина од 263 $km^2$ и има релативен пад од 19‰.

*Десни притоки на реката Струмица*

Река Водочница - е единствена поголема десна притока на реката Струмица. Извира од планината Смрдеш на надморска височина од 660 m, а во реката Струмица се влива источно од село Зубово на кота од 205 m. Долга е 37,2 km, зафаќа сливна површина од 374 $km^2$ и има релативен пад од 12,2 ‰. Во горниот тек се нарекува Бела Река, а низводно од село Водоча се нарекува според името на ова село. Од почетокот тече во правец запад-исток, потоа помеѓу селата Попчево и Водоча тече кон север, за да после село Водоча повторно тече кон исток. На реката Водочница кај село Попчево во 1966 година е изградена вештачкото езеро - акумулација Водоча со зафатнина од 26,700.000 $m^3$ вода. Реката Водочница има една поголема притока, тоа е реката Тркајна.

По одводнувањето на замочурените површини во Струмичко Поле, како посебен проблем во сливот на реката Струмица се јавуваат мошне развиените ерозивни процеси и облици. Бројните порои и поројни водотеци присутни овде, депонираат огромен нанос во рамничарскиот дел и нанесуваат значајни штети како на обработливите површини така и на другите објекти во рамничарскиот дел.

Вештачките езера се со различни намени и се наоѓаат во различни општини и тоа: Иловица и Дрвошка во општина Босилово, Новоселска во општина Ново Село и Маркова Брана во општина Струмица.

### 1.2.1. Риболовна зона

На риболовното подрачје „Струмица“ не се определува риболовна зона.

### 1.2.2. Рекреативна зона (ревир)

Во риболовното подрачје „Струмица“ како рекреативна зона се определува рекреативната зона „Струмица”, која го опфаќа течението на реките: Струмица, Плавија, Турија, Водочница (Бела Река, Водоча), Трќајна, Лебница, Радовишка Река, Ораовичка Река (СтараРека), Цировска Река, водната површина на Моноспитовското Блато, како и како и водните површини акумулациите: Иловица, Дрвошка, Новоселска и Маркова Брана освен заштитените подрачја со закон.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во риболовното подрачје „Струмица“ ја сочинуваат 15 видови риби, претставници на четири фамилии. Видовите риби се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

**Табела 1. Видови риби во риболовното подрачје „Струмица“**

| Фамилија, вид по KottelatиFreyhof (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| CYPRINIDAE | | |
| *Alburnoides bipunctatus*(Bloch, 1782) | *Alburnoides bipunctatus* | вардарка, гомнушка |
| *Alburnus sp.* | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Barbus strumicae* Karaman, 1955 | *Barbus meridionalis;*<br>*Barbus peloponnesius;*<br>*Barbus strumicae* | црна мрена |
| *Barbus barbus*(Linaeus, 1758) | *Barbus barbus* | бела мрена |
| *Carassius gibelio*(Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Chondrostoma nasus*(Linaeus, 1758) | *Chondrostoma nasus* | скобуст, бојник |
| *Cyprinus carpio*(Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Gobio bulgaricus* (Drensky, 1926) | *Gobio gobio* (Linnaeus, 1758) | кркушка |
| *Pseudorasbora parva*(Temmencj & Schlegel, 1846) | *Pseudorasbora parva* | амурче, чебачок |
| *Rhodeus amarus*(Bloch, 1782) | *Rhodeus amarus,*<br>*Rhodeus sericeus* | платиче |
| *Romanogobio elimeius*(Kattoulas, Stephanidis & Economidis, 1973) | *Gobio kessleri;*<br>*Gobio urenoscopus* | тенкооашеста кркушка |
| *Squalius orpheus*(Kottelat & Economidis 2006) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| NEMACHEILIDAE | | |
| ***Oxynoemacheilus bureschi***(Drensky, 1928) | *Barbatula bureschi*<br>*Nemacheilus bureschi, Nemacheilus angorae,* | **вретенушка струмичка** |
| COBITIDAE | | |
| ***Cobitis strumicae***(Karaman, 1955) | *Cobitus taenia* | **штипалка струмичка** |
| ESOCIDAE | | |
| ***Esox lucius***(Linnaeus 1758) | *Esox lucius* | **штука** |
| SILURIDAE | | |
| *Silurus glanis* (Linnaeus, 1758) | *Silurus glanis* | сом |
| CENTRARHIDAE | | |
| *Lepomis gibbosus* (Linnaeus, 1758) | *Lepomis gibbosus* | сончаница |
| ПОЕЦИЛИЛИДАЕ | | |
| *Gambusia fluviatilis* | *Gambusia affinis* | гамбузија |
| PERCIDAE | | |
| *Perca fluviatilis* (Linnaeus, 1758) | *Perca fluviatilis* | кострeш, перкија |

### 2.2. Останати поважни видови риби

Во риболовното подрачје „Струмица“ се среќаваат: речниот рак *Astacus astacus*, зелената жаба, водна желка и други водни организми.

Слатководниот рак во минатото редовно се сретнувал на целото течение на реката, а и во притоките. Денес неговата популација е драстично намалена и е доведена во прашање.

Зелената жаба е чест жител на водите од реката Струмица, особено во Моноспитовското Блато, микроакумулациите и спорите, бавно течечки делови на реката.

### 2.3. Проценета ихтиомаса

Имајќи предвид дека рибите од риболовното подрачје „Струмица“ не се доделуваат на користење за вршење комерцијален риболов, не е потребна проценка на ихтиомсата. Рибите се значајни само од аспект на рекреативен риболов.

## 3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Дозволениот дневен улов по видови риби, за рекреативната зона „Струмица“ е претставен во Табелата 2 од оваа риболовна основа.

**Табела 2. Дозволениот дневен улов по видови на риби за рекреативната зона „Струмица“**

| Вид на риба | Дозволен дневен улов |
|---|---|
| Скобуст | до 15 единки |
| Клен | до десет единки |
| Бела мрена | до пет единки |
| Сом | една единка |
| Крап | една единка |
| Штука | до три единки |
| Црвеноперка | до 25 единки |
| Костреш | до 20 единки |
| Писа, плотица | до 15 единки |
| Лињак | до пет единки |

Дозволена количина на дневен улов е до 3 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

По исклучок за единка на крап или сом која е над 3 kg, дозволен е улов на една единка крап или сом без оглед на нивната големина.

За видовите „калифорниска пастрмка, виножитна пастрмка“, “сончаница”, “сребрен карас” и “амурче” нема никакво ограничување и може да се ловат во сите должини и во неограничени количини.

## 4. ПЕРИОД ЗА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табелата 3 од оваа риболовна основа.

**Табела 3. Преглед на периодот на природен мрест на позначајните видови риби**

| Вид на риба | Период на мрестење |
|---|---|
| штука | од II месец до IV месец |
| костреш, перкија | мрест во III и IV месец |
| скобуст | средина на IV и почеток на V месец |
| сом | април до јуни |
| црвеноперка | мрест во IV и V месец |
| клен | порционен мрест во V, VI и VII месец |
| писа, плотица | мрест во V и VI месец |
| крап | порционен мрест во VI и VII месец |
| бела мрена | порционен мрест во V, VI и VII месец |
| црна мрена | порционен мрест во V, VI и VII месец |
| лињак | мрест во V, VI и VII месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Струмица“се врши со подмладокод крап.

Порибувањето со подмладок од крап се врши во количина од најмалку 150 kg со големина од 50 – 800 g, должина од 5-30 cm и најмалку од 185 до 3.000 единки.

Покрај задолжителното порибување, дополнително порибување покрај со предвидените видови риби, може да се врши и со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

### 5.2. Период на порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Струмица“ може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

## 6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ

Физичката заштита на рибите од рекреативната зона „Струмица“ се врши со вработени лица – рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку еден рибочувар.

## 7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ

На риболовното подрачје „Струмица“ нема прогласено заштитено подрачје на кое е забранет риболов.

## 8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ

На риболовното подрачје „Струмица“ не се предвидуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

## 9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организме за организирање рекреативен риболов на рибите од риболовното подрачје „Струмица“ изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

11. Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 33-2248/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**817.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## РИБОЛОВНА ОСНОВА
## ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „ГЛАЖЊА“

### 1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНО ПОДРАЧЈЕ

**1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Глажња“**




Слика 1. Географска карта на риболовното подрачје „Глажња“



Слика 2. Сателитски приказ на риболовното подрачје „Глажња"

## 1.2. Основни податоци за риболовното подрачје

Риболовното подрачје „Глажња" ја опфаќа водната површина на акумулацијата Глажња од вливот на реките Бресјанска (Камена река) и Гошинска во акумулацијата до браната.

На реката Липковска на 3 km возводно од браната Липково под селото Глажња, изградена е лачна-бетонска брана. Браната е лоцирана, возводно за 16,0 km од градот Куманово, при што е оформено водено тело познато како акумулација Глажња. Се наоѓа на надморска висина од 590 m. Браната е висока 74 m, а должината при круната изнесува 344 m.

Акумулацијата има должина од 3,1 km, а нејзината најголема широчина достигнува и до 700 m на местото на кое некогаш се спојувале реката Липковска и нејзината притока реката Думановска. Акумулацијата зафаќа површина од 0,96 $km^2$ и има вкупна зафатнина од $23,6*10^6$ $m^3$. Формира акумулационен простор со корисен волумен од $22,3*10^6$ $m^3$, кој овозможува преку хидросистемот Липково постојан протек на вода за градот Куманово и индустријата, а и за наводнување на околните земјоделски површини. Водата од акумулацијата Глажња се користи според потребите на стопанството, со тоа што се внесува во низводната акумулација Липково каде се врши израмнување на количините, а воедно и се користи и за производство на електрична енергија. Капацитетот на акумулацијата „Глажња" е 26000 $m^3$ вода. Најголемата длабочина изнесува 90 m. Акумулацијата има два крака и неговата површина изнесува 107 ha.

Експозицијата на простирање на акумулацијата Глажња е север-северозапад-југоисток. Сливот на акумулацијата е поделен, така што на север припаѓа на реката Думановска додека поголемиот дел од сливот продолжува по западниот крак т.е. нагоре по течението на реката Липковска. На 300 m од вливот во езерото реката Камена и реката Брестска ја формираат реката Липковска. Сливот на реката Камена продолжува на северозапад, а сливот на река Брестска се простира кон југозапад, под падините на планината Скопска Црна Гора и нејзиниот највисок врв Рамно (1.653 m надморска височина) што е и највисока точка од сливот.

Реката Липковска, која се полни со вода од акумулацијата „Глажња", има максимални протечни количини вода месеците март, април и мај. Од мај до крајот на летото, таа има постојано низок водостој. Преодот од пролетните големи води кон малите летни протеци е брз. Летниот протек е незначителен. Реката Липковска напролет е многу богата со вода (поради топењето на снегот), а летно време е сиромашна со вода и мошне чувствителна на дождови. Може да биде изразито опасна при брзо топење на снег проследено со силни врнежи од дожд, а лете после поројни дождови може да предизвика брзи и деструктивни поплави.

### 1.2.1. Риболовна зона

На риболовното подрачје „Глажња" не се определува риболовна зона.

### 1.2.2. Рекреативна зона (ревир)

Во риболовното подрачје „Глажња" се определува рекреативната зона „Глажња" која ја опфаќа водната површина на акумулацијата „Глажња".

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во риболовното подрачје „Глажња" ја сочинуваат седум видови риби претавници на три фамилии. Видовите риби се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

**Табела 1 . Видови риби во риболовното подрачје „Глажња"**

| **Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007)** | **Латински синоними** | **Народно име** |
|---|---|---|
| SALMONIDAE | | |
| *Salmo macedonicus* (Karaman, 1924) | *Salmo trutta; Trutta macedonica* | македонска пастрмка |
| CYPRINIDAE | | |
| *Alburnus thessalicus* (Stephanidis, 1950) | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Barbus balcanicus* (Kotlik, Tsigenopoulos, Rab & Berrebi, 2002) | *Barbus meridionalis; Barbus peloponnesius; Barbus petenyi* | црна мрена балканска мрена |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| ***Squalius vardarensis*** (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | **клен** |
| ANGUILLIDAE | | |
| *Anguilla anguilla* (Linnaeus, 1758) | *Anguilla anguilla* | јагула |

### 2.2. Останати поважни видови водни животни

Во акумулацијата се сретнуваат жаби и змии. Истите немаат особена важност од аспект на риболовот.

### 2.3. Проценета ихтиомаса

Имајќи предвид дека рибите од риболовното подрачје „Глажња" не се доделуваат на користење за вршење комерцијален риболов, не е потребна проценка на ихтиомсата. Рибите се значајни само од аспект на рекреативен риболов.

## 3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Дозволениот дневен улов по видови риби, за рекреативните зони на риболовото подрачје „Глажња“ е претставен во Табелата 2 од оваа риболовна основа.

**Табела 2. Дозволен дневен улов по видови на риби на риболовото подрачје „Глажња“**

| Вид на риба | Дозволен дневен улов |
|---|---|
| македноска пастрмка | до три единки |
| крап | до две единки |
| клен | до десет единки |
| црна мрена | до 20 единки |
| јагула | една единка |

Дозволена количина на дневен улов е до 3 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

За видот „сребрен карас“нема никакво ограничување и може да се лови во сите должини и во неограничени количини.

По исклучок за примерок на крап кој е над 3 kg, дозволен е улов на една единка крап без оглед на неговата големина.

## 4. ПЕРИОД ЗА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табелата 3 од оваа риболовна основа.

**Табела 3. Преглед на периодот на мрест на рибите од рекреативјната зона „Глажња“**

| **Вид на риба** | **Период на мрестење** |
|---|---|
| **македонска пастрмка** | од почеток на XI месец во тековната година до крајот на I месец наредната година |
| **клен** | порционен мрест во V и VI |
| **крап** | мрест во V, VI и VII месец |
| **црна мрена** | порционен мрест во V, VI и VII месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Глажња“ во се врши со подмладок од крап.

Порибувањето со подмладок од крап се врши во количина од најмалку 150 kg со тежина од 500 – 1.500g, должина над 30 cm и најмалку од 100 до 300 единки.

Покрај задолжителното порибување со видот крап, може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

### 5.2. Период на порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Глажња“ може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

**6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ**

Физичката заштита на рибите од рекреативната зона „Глажња" се врши со вработени лица – рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку еден рибочувар.

**7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ**

На риболовното подрачје „Глажња" нема прогласено заштитено подрачје на кое е забранет риболов.

**8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ**

На риболовното подрачје „Глажња" не се предвидуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

**9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона „Глажња" изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

**10.** Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 33-2252/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**818.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## РИБОЛОВНА ОСНОВА ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „СТРЕЖЕВО“

### 1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ

#### 1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Стрежево“




Слика 1. Географска карта на риболовното подрачје „Стрежево“

#### 1.2. Основни податоци за риболовното подрачје

Риболовното подрачје „Стрежево“ ја опфаќа целата површина на акумулацијата Стрежево и сите води од водотеците во сливот на акумулацијата.

Водата во акумулацијата Стрежево се обезбедува со акумулирање на водите од сливот на реката Шемница над браната и зафатените води со алиментациониот канал. Алиментациониот канал овозможува зафаќање на водите од водотеците од Баба Планина (реките: Кишавска, Граешка, Остречка, Злокуќанска, Стара Река, Киндерка и Драгор). Зафаќањето на водите од водотеците е реализирано со тиролски зафати. Алиментациониот канал има максимална пропусна моќ од 5 $m^3/s$. Каналот се протега по источните падини на Баба Планина и е изведен со затворен напречен пресек во должина од 56 km и еден дел како отворен канал со трапезен напречен пресек.

Браната на акумулацијата Стрежево е висока земјенонасипна преграда со централно глинено јадро и потпорно тело од чакал. Подигната е на реката Шемница во 1982 година. Се наоѓа на 24 km од вливот на Шемница во Црна Река и на 1 km низводно од селото Стрежево. Височината на браната изнесува 76 m, широчината на круната на браната е 10 m, а должината на круната на браната е 632 m. Со нејзината изградба формирано е акумулационо езеро со површина на водното огледало од 432,86 ha при кота од 737,5 m надморска височина и должина на водното огледало при истата кота од 6,25 km. Вкупната корисна зафатнина на вода е 119.230.000 $m^3$ вода. Котата на круната изнесува 741 m надморска височина, котата на нормалниот водостој 737,5 m надморска височина, котата на минимален водостој 694 m надморска височина и котата на максимален водостој 739 m надморска височина.

**1.2.1. Риболовна зона**

На риболовното подрачје „Стрежево“ не се определува риболовна зона.

**1.2.2. Рекреативна зона (ревир)**

На риболовното подрачје „Стрежево“ се определува рекреативната зона „Стрежево“ која ја опфаќа целата површина на акумулацијата Стрежево освен водената површина на акумулацијата до 2000 m возводно од браната, бочно од брег до брег и сите води од водотеците во сливот на акумулацијата.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во риболовното подрачје „Стрежево“ ја сочинуваат 24 видови риби, претставници на девет фамилии. Видовите риби се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

**Табела 1. Видови риби во риболовното подрачје „Стрежево“**

| Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| **SALMONIDAE** | | |
| *Salmo letnica* (Karaman, 1924) | *Salmo letnica typicus* | охридска пастрмка |
| *Salmo macedonicus* (Karaman, 1924) | *Salmo trutta; Trutta macedonica* | македонска пастрмка |
| *Salmo pelagonicus* (Karaman, 1938) | *Salmo pelagonicus* | пелагониска пастрмка |
| *Oncorhynchus mykiss* (Walbaum, 1927) | *Salmo gairdneri; Salmo irideus* | виножитна пастрмка, калифорниска пастрмка |
| **CYPRINIDAE** | | |
| *Alburnoides bipunctatus* (Bloch, 1782) | *Alburnoides bipunctatus* | вардарка, гомнушка |
| *Alburnus sp.* | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Barbus balcanicus* (Kotlik, Tsigenopoulos, Rab & Berrebi, 2002) | *Barbus meridionalis; Barbus peloponnesius; Barbus petenyi* | црна мрена балканска мрена |
| *Carassius carassius* (Linnaeus 1758) | *Carassius carassius* | златен карас |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Chondrostoma vardarense* (Karaman, 1928) | *Chondrostoma nasus* | скобуст, бојник |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Hypophthamichthys molitrix* (Valenciennes, 1844) | *Hypophthamichthys molitrix* | толстолобик бел |
| *Hypophthamichthys nobilis* (Richardson, 1845) | *Arystichthys nobilis* | толстолобик сив |
| *Rutilus rutilus* (Linnaeus, 1858) | *Rutilus rutilus* | црвеноперка |
| *Scardinius erythrophthalmus* (Linnaeus, 1758) | *Scardinius erythrophthalmus* | писа, платица |
| *Squalius vardarensis* (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| *Tinca tinca* (Linnaeus, 1758) | *Tinca tinca* | лињак |
| **ANGUILLIDAE** | | |
| *Anguilla anguilla* (Linnaeus, 1758) | *Anguilla anguilla* | јагула |
| **SILURIDAE** | | |
| *Silurus glanis* (Linnaeus, 1758) | *Silurus glanis* | сом |

| | | |
|---|---|---|
| NEMACHEILIDAE | | |
| *Barbatula barbatula* (Linnaeus, 1758) | *Nemacheilus barbatulus;*<br>*Cobitis barbatula;* | вретенушка |
| COBITIDAE | | |
| *Cobitis vardarensis* (Karaman, 1928) | *Cobitus taenia* | штипалка |
| CENTRARHIDAE | | |
| *Lepomis gibbosus* (Linnaeus, 1758) | *Lepomis gibbosus* | сончаница |
| ESOCIDAE | | |
| *Esox lucius* (Linnaeus 1758) | *Esox lucius* | штука |
| PERCIDAE | | |
| *Perca fluviatilis* (Linnaeus, 1758) | *Perca fluviatilis* | костреш, перкија |

**2.2. Останати поважни видови риби**

Во водите на риболовното подрачје „Стрежево" се среќаваат жаби, змии и водни желки, но не постојат податоци за нивната абундантност и застапеност.

**2.3. Проценета ихтиомаса**

Имајќи предвид дека рибите од риболовното подрачје „Стрежево" не се доделуваат на користење за вршење комерцијален риболов, не е потребна проценка на ихтиомсата. Рибите се значајни само од аспект на рекреативен риболов.

**3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ**

Дозволениот дневен улов по видови риби за рекреативната зона „Стрежево" е претставен во Табелата 2 од оваа риболовна основа.

**Табела 2. Количини на дозволен дневен улов по видови риби во риболовното подрачје „Стрежево"**

| Вид на риба | Дозволен дневен улов |
|---|---|
| пастрмка | до три единки |
| крап | до две единки |
| клен | до десет единки |
| костреш | до 15 единки |
| штука | до четири единки |
| сом | една единка |
| јагула | една единка |
| лињак | трајна забрана |
| златен карас | трајна забрана |

Дозволена количина на дневен улов е до 3 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

По исклучок, за единка на крап или сом кој е над 3 kg дозволен е улов на една единка крап или една единка сом без оглед на нивната големина.

За видовите „сребрен карас" и „виножитна пастрмка, калифорниска пастрмка" нема никакво ограничување и може да се ловат во сите должини и во неограничени количини.

**4. ПЕРИОД ЗА ПРИРОДЕН МРЕСТ**

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табелата 3 од оваа риболовна основа.

Табела 3. Преглед на периодот на мрест на позначајните видови риби во риболовното подрачје „Стрежево"

| Вид на риба | Период на мрестење |
|---|---|
| пастрмка | од почеток на X месец во тековната година до крајот на I месец наредната година |
| штука | мрест во II и III месец |
| костреш | мрест во III, IV и V месец |
| скобуст | средина на IV и почеток на V месец |
| сом | мрест во IV, V и VI месец |
| клен | порционен мрест во V и VI |
| црвеноперка | мрест во V и VI месец |
| златен карас | порционен мрест во IV, V и VI |
| крап | мрест во V, VI и VII месец |
| црна мрена | порционен мрест во V, VI и VII месец |
| лињак | мрест во V, VI и VII месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Стрежево" се врши секоја година со подмладок од пастрмка или подмладок од крап.

Порибувањето со подмладок од пастрмка (охридска и/или радичка) се врши со количина од најмалку 150 kg со големина од 10 – 70 g, должина од 5-15 cm и најмалку од 2.100 до 15.000 единки.

Порибувањето со подмладок од крап се врши во количина од најмалку 250 kg со големина од 50 – 800 gr, должина од 5-30 cm и најмалку од 300 до 5.000 единки.

Покрај задолжителното порибување со предвидените видови риби, може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

### 5.2. Период на порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Стрежево" може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

## 6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ

Физичката заштита на рибите од рекреативната зона „Стрежево" се врши со вработени лица – рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку четворица рибочувари.

## 7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ

На риболовното подрачје „Стрежево" делот од акумулацијата и тоа 2000 m возводно од браната и бочно од брег до брег, претставува заштитена зона на строг санитарен надзор на која е забрането вршење рекреативен риболов.

## 8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ

На риболовното подрачје „Стрежево" не се предвидуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

**9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона „Стрежево“ изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

**10. ДРУГИ ПОТРЕБНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

Корисникот треба да ги обележи границите на прогласеното заштитено подрачје од дел 7 на оваа риболовна основа со поставување на табли со димензии од 70x70 сантиметри.

11. Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 33-2253/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**819.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) (,,Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## РИБОЛОВНА ОСНОВА
## ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „ЛИПКОВО“

### 1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНО ПОДРАЧЈЕ

#### 1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Липково“




Слика 1. Географска карта на риболовното подрачје „Липково“




**Слика 2. Сателитски приказ на риболовното подрачје „Липково"**

**1.2. Основни податоци за риболовното подрачје**

Риболовното подрачје „Липково" ја опфаќа водната површина на акумулацијата Липково и делот на Липковска река од браната на акумулацијата Глажња до вливот во акумулација Липково.

Акумулацијата е создадена со изградба на брана на Липковска река, која е притока на Кумановска река и реката Пчиња. На 300 m од вливот во акумулацијата Глажња, се наоѓа спојот на реката Камена и реката Брестска, кои ја формираат реката Липовска. Сливот на реката Камена продолжува на северозапад, а сливот на реката Брестска се простира на југозапад под падините на планината Скопска Црна Гора и нејзиниот највисок врв Рамно на 1.653 m надморска височина.

Акумулацијата има должина од 1,5 km, а нејзината најголема широчина достигнува и до 180 m. Езерото зафаќа површина од 0,40 km$^2$, и има вкупна зафатнина од 2,25*10$^6$ m$^3$. Акумулација формира акумулационен простор, со корисен волумен од 1,75*10$^6$ m$^3$., кој овозможува заедно со возводната акумулација Глажња, преку хидросистемот Липково постојан проток на вода за градот Куманово и индустријата. Двете акумулации целосно го регулираат прашањето за режимот на израмнувањето и користењето на водите од Липковска Река. Водите од акумулацијата се користат за наводнување и за производство на електрична енергија.

Липковска река тече од излезот на акумулацијата Глажња, до вливот на акумулацијата Липково во должина од приближно од 2.300 m и на овој дел просечната ширина на водниот тек изнесува 3m.

Липковска река која по истекот од акумулацијата Глажња, ја полни со вода и акумулацијата Липково има максимални количини проток на вода во месеците март, април и мај. Липковска река има постојано низок водостој, освен во пролетните месеци. При брзо топење на снегот, проследено со обилни врнежи од дожд, може да предизвика поплави.

**1.2.1. Риболовна зона**

На риболовното подрачје „Липково" не се определува риболовна зона.

**1.2.2. Рекреативна зона (ревир)**

Во риболовното подрачје „Липково" се определува рекреативната зона „Липково" која ја опфаќа водната површина на акумулацијата Липково и делот на Липковска река од истекот на браната на акумулацијата Глажња до вливот во акумулација Липково.

.

**2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА**

**2.1. Видови риби**

Рибната популација во риболовното подрачје „Липково" ја сочинуваат 11 видови риби претавници на четири фамилии. Видовите риби се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

**Табела 1 . Видови риби во риболовното подрачје „Липково"**

| Фамилија, вид по Kottelat и Freyhof (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| *Salmo macedonicus* (Karaman, 1924) | *Salmo trutta; Trutta macedonica* | македонска пастрмка |
| CYPRINIDAE | | |
| *Barbus balcanicus (*Kotlik, Tsigenopoulos, Rab & Berrebi, 2002) | *Barbus meridionalis; Barbus peloponnesius; Barbus petenyi* | црна мрена балканска мрена |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Chondrostoma vardarense* (Karaman, 1928) | *Chondrostoma nasus* | скобуст, бојник |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Rutilus rutilus* (Linnaeus, 1858) | *Rutilus rutilus* | црвеноперка |
| *Scardinius erythrophthalmus* (Linnaeus, 1758) | *Scardinius erythrophthalmus* | писа, платица |
| *Squalius vardarensis* (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| *Tinca tinca* (Linnaeus, 1758) | *Tinca tinca* | лињак |
| *Vimba melanops* (Heckel, 1837) | *Vimba vimba* | попадика, еѓупка |
| ANGUILLIDAE | | |
| *Anguilla anguilla* (Linnaeus, 1758) | *Anguilla anguilla* | јагула |
| CENTRARHIDAE | | |
| *Lepomis gibbosus* (Linnaeus, 1758) | *Lepomis gibbosus* | сончаница |

**2.2 Останати поважни видови риби.**

Во акумулацијата се сретнуваат жаби и змии. Истите немаат особена важност од аспект на риболовот.

**2.3. Проценета ихтиомаса**

Имајќи предвид дека рибите од риболовното подрачје „Липково" не се доделуваат на користење за вршење комерцијален риболов, не е потребна проценка на ихтиомсата. Рибите се значајни само од аспект на рекреативен риболов.

**3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ**

Дозволениот дневен улов по видови риби, за рекреативните зони на риболовото подрачје „Липково" е претставен во Табелата 2 од оваа риболовна основа.

**Табела 2. Дозволен дневен улов по видови на риби**

| Вид на риба | Дозволен дневен улов |
|---|---|
| македоска пастрмка | до две единки |
| крап | до две единки |
| клен | до дест единки |
| црна мрена | до 20 единки |
| попадика | до 15 единки |
| црвеноперка | до 25 единки |
| писа | до 15 единки |
| јагула | една единка |
| лињак | трајна забрана |

Дозволена количина на дневен улов е до 3 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

За видот „сребрен карас" нема никакво ограничување и може да се лови во сите должини и во неограничени количини.

По исклучок за примерок на крап кој е над 3 kg, дозволен е улов на една единка крап без оглед на неговата големина.

## 4. ПЕРИОД ЗА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табелата 3 од оваа риболовна основа.

**Табела 3. Преглед на периодот на мрест на рибите од рекреативјната зона „Липково"**

| Вид на риба | Период на мрестење |
|---|---|
| **Пастрмка** | од почеток на XI во тековната до крај на I месец наредната година |
| **Скобуст** | средина на IV и почеток на V месец |
| **Попадика** | крај на IV и цел V месец |
| **Клен** | порционен мрест во V и VI |
| **Писа** | мрест во V и VI месец |
| **Црвеноперка** | мрест во V и VI месец |
| **Крап** | мрест во V, VI и VII месец |
| **Црна мрена** | порционен мрест во V, VI и VII месец |
| **Лињак** | мрест во V, VI и VII месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Липково" во се врши со подмладок од македонска пастрмка и од крап.

Порибувањето со подмладок од македонска пастрмка се врши во количина од најмалку 50 kg со тежина од 10-70 g, должина од 5-15 cm и најмалку од 700 до 5.000 единки.

Порибувањето со подмладок од крап се врши во количина од најмалку 150 kg со тежина од 500 – 1.500 g, должина над 30 cm и најмалку од 100 до 300 единки.

Покрај задолжителното порибување со предвидените видови риби, може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

### 5.2. Период на порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Липково" може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

**6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ**

Физичката заштита на рибите од рекреативната зона „Липково" се врши со вработени лица – рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку еден рибочувар.

**7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ**

На риболовното подрачје „Липково" нема прогласено заштитено подрачје на кое е забранет риболов.

**8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ**

На риболовното подрачје „Липково" не се предвидуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

**9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона на риболовното подрачје „Липково" изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

10. Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 33-2254/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

**820.**

Врз основа на член 8 став (6) од Законот за рибарство и аквакултура (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.64/24) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

## РИБОЛОВНА ОСНОВА
## ЗА УПРАВУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ ВО РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ „КАЛИМАНЦИ“

### 1. ГЕОГРАФСКА КАРТА СО ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА РИБОЛОВНОТО ПОДРАЧЈЕ

### 1.1. Географска карта на риболовното подрачје „Калиманци“




Слика 1. Сателитски приказ на риболовното подрачје „Калиманци“

### 1.2. Основни податоци за риболовното подрачје

Риболовното подрачје „Калиманци“ ја опфаќа водната површина на акумулацијата Калиманци, делот на реката Брегалница со притоките од село Митрашинци до вливот во акумулацијата Калиманци, како и Каменичка Река.

Акумулацијата Калиманци се наоѓа на реката Брегалница и е дел од хидросистемот Брегалница, чија главна цел е да акумулира вода за наводнување. Акумулацијата Калиманци е изградена 1969 година и нејзина основна намена е наводнување и производство на електрична енергија. Вкупниот бруто волумен на езерото е на максимална кота од 519.5 m надморска висина и изнесува 127.000.000 $m^3$ вода од кои корисниот волумен изнесува 120.000.000 $m^3$. За оваа акумулација карактеристични се осцилациите на нивото на водата кои се јавуваат во различни периоди од годината во зависност од искористувањето на водата за електрична енергија, ремонти и други зафати, како и за наводнување. Максималната длабочина на акумулацијата е 80 m.

### 1.2.1. Риболовна зона

На риболовното подрачје „Калиманци“ не се определува риболовна зона.

### 1.2.2. Рекреативна зона (ревир)

Рекреативната зона „Калиманци“ го опфаќа делот на реката Брегалница со притоките од село Митрашинци до вливот во акумулацијата Калиманци и Каменичка Река.

## 2. ВИДОВИ РИБИ И ДРУГИ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ И ПРОЦЕНЕТА ИХТИОМАСА

### 2.1. Видови риби

Рибната популација во риболовното подрачје „Калиманци“ ја сочинуваат 13 видови риби претавници на пет фамилии. Видовите риби се претставени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

**Табела 1 . Видови риби во риболовното подрачје „Калиманци“**

| Фамилија, вид по Kottelat и Freihof (2007) | Латински синоними | Народно име |
|---|---|---|
| **SALMONIDAE** | | |
| *Salmo macedonicus* (Karaman, 1924) | *Salmo trutta; Trutta macedonica* | македонска пастрмка |
| **CYPRINIDAE** | | |
| *Alburnus thessalicus* (Stephanidis, 1950) | *Alburnus alburnus* | белвица, плашка |
| *Carassius gibelio* (Bloch, 1782) | *Carassius gibelio* | сребрен карас |
| *Chondrostoma vardarense* (Karaman, 1928) | *Chondrostoma nasus* | скобуст, бојник |
| *Cyprinus carpio* (Linnaeus 1758) | *Cyprinus carpio* | крап |
| *Pseudorasbora parva* (Temmencj & Schlegel, 1846) | *Pseudorasbora parva* | амурче, чебачок |
| *Rhodeus meridionalis* (Karaman, 1924) | *Rhodeus amarus, Rhodeus sericeus* | платиче |
| *Rutilus rutilus* (Linnaeus, 1858) | *Rutilus rutilus* | црвеноперка |
| *Squalius vardarensis* (Karaman, 1928) | *Leuciscus cephalus* | клен |
| *Tinca tinca* (Linnaeus, 1758) | *Tinca tinca* | лињак |
| **ANGUILLIDAE** | | |
| *Anguilla anguilla* (Linnaeus, 1758) | *Anguilla anguilla* | јагула |
| **SILURIDAE** | | |
| *Silurus glanis* (Linnaeus, 1758) | *Silurus glanis* | сом |
| **CENTRARHIDAE** | | |
| *Lepomis gibbosus* (Linnaeus, 1758) | *Lepomis gibbosus* | сончаница |

### 2.2. Останати поважни видови водни животни

Во риболовното подрачје „Калиманци“ се среќаваат ракови, жаби, водни желки и водни змии кои немаат особено за значење за риболовот.

### 2.3. Проценета ихтиомаса

Имајќи предвид дека рибите од риболовното подрачје „Калиманци“ не се доделуваат на користење за вршење комерцијален риболов, не е потребна проценка на ихтиомсата. Рибите се значајни само од аспект на рекреативен риболов.

## 3. КОЛИЧИНИ НА ДОЗВОЛЕН УЛОВ ПО ВИДОВИ РИБИ

Дозволениот дневен улов по видови риби, за рекреативните зони на риболовото подрачје „Калиманци" е претставен во Табелата 2 од оваа риболовна основа.

**Табела 2. Дозволен дневен улов по видови риби за риболовното подрачје „Калиманци"**

| Вид на риба | Количини на дозволен дневен улов |
|---|---|
| македонска пастрмка | до две единки |
| крап | една единка |
| сом | една единка |
| клен | до десет единки |
| скобуст,бојник | до десет единки |
| црвеноперка | до 20 единки |
| лињак | до пет единки |

Дозволена количина на дневен улов е до 3 kg без да бидат надминати ограничувањата за бројот на уловени единки по видови.

Во вкупната количина до 3 kg влегуваат и сите останати видови на риби наведени во Табелата 1 од оваа риболовна основа.

За видовите „сребрен карас" и „сончаница" нема никакво ограничување и може да се ловат во сите должини и во неограничени количини.

По исклучок за едника на крап или сом кој е над 3 kg, дозволен е улов на една единка крап или една единка сом без оглед на нивната големина.

## 4. ПЕРИОД НА ПРИРОДЕН МРЕСТ

Одредувањето на периодот на природен мрест (сезоната на мрестење) иако е карактеристика која што е детерминирана наследно, сепак покажува голема варијабилност во однос на различните еколошки фактори. Еден ист вид риба може да покажува разлики во времето, односно сезоната на мрестење кога живее во екосистеми во кои владеат различни услови на температурен и светлосен режим. Периодот на мрест е прикажан во Табелата 3 од оваа риболовна основа.

| Табела 3. Преглед на периодот на природен мрест на позначајните видови риби | |
|---|---|
| **Вид на риба** | **Период на мрестење** |
| пастрмка | од почетокот на X месец во тековната до крај на I месец наредната година |
| скобуст | мрест во IV и V месец |
| сом | мрест во IV, V и VI месец |
| клен | порционен мрест во V и VI |
| црвеноперка | мрест во V и VI месец |
| крап | мрест во IV, V и VI месец |
| лињак | мрест во V и VI месец |

## 5. ВИД, КОЛИЧИНА, ГОЛЕМИНА (ТЕЖИНА И ДОЛЖИНА) И БРОЈ НА ЕДИНКИ НА ПОДМЛАДОК НАМЕНЕТ ЗА ПОРИБУВАЊЕ, КАКО И ПЕРИОД ЗА ПОРИБУВАЊЕ

### 5.1. Вид, количина, големина (тежина и должина) и број на единки за порибување

Риболовните води на риболовната зона „Калиманци" се порибува со подмладок од крап.

Порибувањето со подмладок од крап се врши во количина од најмалку 250 kg, со маса од 500 до 1500 g, должина од над 30 cm и најмалку од 165 до 500 единки.

Покрај задолжителното порибување со предвидените видови риби, може да се врши и дополнително порибување со порибителен материјал од други автохтони видови риби.

### 5.2. Период за порибување

Порибувањето на рекреативната зона „Калиманци" може да се извршува во текот на цела година во согласност со условите и временските прилики.

**6. ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ЛИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РИБОЛОВНИТЕ ВОДИ – РИБОЧУВАРИ**

Физичката заштита на рибите од рекреативната зона „Калиманци“ се врши со вработени лица – рибочувари кај корисникот на рибите и другите водни организми и тоа со најмалку еден рибочувар.

**7. ПРОГЛАСЕНИ ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА КОИ СЕ ДЕЛ ОД РИБОЛОВНАТА ВОДА СО УТВРДЕНИ ГРАНИЦИ**

На риболовното подрачје „Калиманци“ нема прогласено заштитено подрачје на кое е забранет риболов.

**8. АТРАКТИВНИ РЕКРЕАТИВНИ ЗОНИ И РЕВИРИ**

На риболовното подрачје „Калиманци“ не се предвидуваат атрактивни рекреативни зони и ревири.

**9. НАЈМАЛА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ И НАЈМАЛА ВКУПНА ВРЕДНОСТ ЗА ЦЕЛИОТ ПЕРИОД НА КОРИСТЕЊЕ НА РИБИТЕ И ДРУГИТЕ ВОДНИ ОРГАНИЗМИ**

Најмалата годишна вредност и најмалата вкупна вредност за целиот период на користење на рибите и другите водни организми за организирање рекреативен риболов на рибите од рекреативната зона „Калиманци“ изнесува најмалку 10% од наплатениот надоместок за вкупно издадените дозволи на годишно ниво.

**10.** Оваа риболовна основа се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 33-2255/1
11 февруари 2025 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Цветан Трипуновски,** с.р.

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**821.**

Врз основа на член 1 став (2) и член 232 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и „Службен весник на РСМ“ број 31/2020, 288/21, 53/2024 и 3/2025), а во врска со член 18 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на РСМ“ број 124/2015) по Барањето за постапување во врска со член 498 од Законот за трговските друштва од 28.1.2025 година поднесено од Аце Антевски имател на удел во Друштвото Раде Кончар Заеднички дејности ДОО Скопје и Горан Антевски, акционер во Раде Кончар Апаратна техника АД Скопје, Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 10.2.2025 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА по Барањето за постапување во врска со член 498 од Законот за трговски друштва од 28.1.2025 година поднесено од Аце Антевски имател на удел во Друштвото Раде Кончар Заеднички дејности ДОО Скопје и Горан Антевски, акционер во Раде Кончар Апаратна техника АД Скопје и истото се отфрла како недопуштено.
2. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на РСМ“.

УП1 Бр. 08-4
10 февруари 2025 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

